ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ

ТЕТОВО

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1,КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

Мај, 2025

ПРЕДМЕТ: Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

НАРАЧАТЕЛ: **Насуф Небиу**

ИЗРАБОТУВАЧ: ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ – Тетово

ДИРЕКТОР: Нермин Мустафи

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04-67/2024

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1 и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

ИЗРАБОТУВАЧ: **ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ - ТЕТОВО**

ПЛАНЕРИ:

Раководител на УП- планер
Елена Арсов, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0362

планер соработник
Елена Арсеска.инж.арх.
број на овластување 0.0529
Мирема Ферати, дипл.инж.арх.

Инфраструктура
Муса Муслија, дипл.град.инж.

Бр/Nr. 10-4148/2

Скопје/Shkup 09-04-2025 година/viti

ДО ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
ул. Илирија бр. 1, Зелен пазар на кат лок. бр.20
1200 Тетово

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 09-86/2025 од 26.03.2025год. со број на постапка во системот е-урбанизам 70237 за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1 и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4148/1 од 04.04.2025 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граници на проектен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат граничи со регионален пат Р2243 пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта. Во панатамошни активности да се почитуваат одредбите од член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и бр.174/21) и влезот во проектниот опфат да се планира од локална патна мрежа.

Со почит,

Со почит,
В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Моника Стоилевска
Мирјета Адеми
Контролирал: Роберто Тошевски
Одобрил: Кирил Каркалашев

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр 10-55/6-134 од 02.04.2025
Скопје

Одговорно лице: Миле Сарески

Контакт телефон: 072-931-116

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 09 - 86/ 2025 од 26.03.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1 и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино..Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа
☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа
☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.


Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг


AutoCAD 2013 20250326_70237_UPVOUP_KP_571_Zhelino_EVN_instalacii (1).dwg
[−][Top][2D Wireframe]
Model
A3
A3V
Command: <Lineweight >
Command: <Lineweight >
Type a command
7506377.4911, 4649946.8865, 0.0000

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 70237
Дата: 26.03.2025

До
Друштво за производство, трговија и градежништво
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
ул. Илирија бр.1, Зелен пазар на кат лок. бр.20, 1200 Тетово

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цоњиќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за а Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1 и КП 940, КО Желино вонград, општина Желино, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Максим Горка бр.4, 1.000 Скопје
T: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.11-1841/1

26.03.2025

До

ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ

ул. Илирија бр.1, Зелен пазар на кат лок. бр.20

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање, предмет креиран на Е-урбанизам на 26.03.2025 година со број на постапка 70237, пристигнат преку e-mail на 26.03.2025 година, (наш број 11-1841 од 26.03.2025 година) за податоци и информации потребни за изработка на **Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1 и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино.**Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Дејан Калпачки

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Позитивни мислења

Република Северна Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ДО: **Општина ЖЕЛИНО**

Бр. 12-8/358

Скопје, 09.05.2025г.

ПРЕДМЕТ: Мислење

ВРСКА: Ваш бр. 11 – 404/2 од 06.05.2025 година
e-urbanizam, постапка бр.71272

Почитувани,

Врз основа на вашето барање Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

изработен од ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ со тех.бр. 04-67/2024 од 04/2025 година,

при што констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, а планираниот објект не претставува препрека во воздухопловството и нема да влијае врз безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, врз основа на што издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изработената техничка документација, без посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на *член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20)*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката. За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
(по овластување од Директорот бр.02-452/1 од 28.03.2025 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389(2) 3 114 046 т.: + 389(2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/6-197 од 16.05.2025
Скопје

Одговорно лице: Миле Сарески
Контакт телефон: 072-931-116

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 11 – 404 / 2 од 06. 05. 2025 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино.Ве известуваме дека **Немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При изработка на планската документација, а согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и слично, препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела, како и да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа. Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Се до исполнување на условите за промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, и реализација на техничкото решение, важат нивните заштитни појаси и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 71272

Датум: 20.05.2025

До
Општина Желино

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта,дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1и КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино,со тех.број 04-67/2024 , Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Марија Николовска, тел. 070/201-058.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

С О Д Р Ж И Н А:

А. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

1.1. Географска положба и геодетско одредување

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈАТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКНИОТ ОПФАТ

3.1. Географска положба

3.2. Геолошки карактеристики

3.3. Сеизмички карактеристики

3.4. Климатски и микроклиматстски услови на регионот

3.5. Хидрографски и хидролошки карактеристики

3.6. Пејсаж и приоодни ресурси

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКНИОТ ОПФАТ

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКНИОТ ОПФАТ

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛАНА ИНФРАСТРУКТУРА

8. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ИДЕЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

2. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ.....М=1:1000

Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ.

2.1. Опис на основната класа на намена на градбите во градежните парцели

2.2. Нумерички показатели на градбите во градежните парцели

2.3. Сообраќај

2.4. Озеленување

2.5. Основни водови на инфраструктурата

2.5.1. Водоснабдување

2.5.2. Фекална канализациона мрежа

2.5.3. Атмосферска канализациона мрежа

2.5.4. Електроенергетска инфраструктура

2.5.5. Телекомуникациска инфраструктура

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1. Градежна парцела

3.2. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат

3.3. Други посебни услови

4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1. Мерки за заштита на културно наследство, конзерваторски основи

4.2. Заштита на животната средина

4.2.1. Мерки за заштита на водата

4.2.2. Мерки за заштита на почвата

4.2.3. Мерки за управување со отпад

4.2.4. Мерки за заштита од бучава

4.3. Мерки за заштита и спасување

4.3.1. Засолнување

4.3.2. Мерки за заштита и спасување од поплави

4.3.3. Мерки за заштита од пожар

4.3.4. Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

4.3.5. Мерки за заштита од урнатини

4.3.6. Мерки за сообраќајни несреќи

4.3.7. Евакуација

4.3.8. Згрижување на загрозеното и настраданото население

4.3.9. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

4.3.10. Прва медицинска помош

4.3.11. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

4.3.12. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

4.3.13. Асанација на теренот

4.3.14.Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

4.4. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност

2) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. НАМЕНСКИ ПЛАН.....M=1:1000

2. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО ТАБЕЛИ ЗА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТОПФАТ .....M=1:1000

ПРОЕКТЕН ДЕЛ-ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ГРАДБАТА

А. Документациона основа

ВОВЕД

Согласно барањата на инвеститорот на дел од КП 571/1,КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино , се пристапи кон изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план. Целта на изработката на Урбанистичкиот проект е да се создадат услови за изградба на комплекс од градби со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта .

Основ за изработка на предметниот УП се одредбите на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), согласно кој урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1,КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино (УП) се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр. 32/20,111/23,171/24,224/24 и 40/25) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 ,104/22 , 99/23 и 07/25“).

Согласно член 59,став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21,104/22,99/23 и 07/25“),урбанистичкиот проект е планско-проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1,КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино (УП) е изготвен врз основа на:

- ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА Р.МАКЕДОНИЈА,УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ за изработка на урбанистички план за село Желино,општина Желино изработени од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со бр. Y14716 и РЕШЕНИЕ БР.УП 1-15 5501/2016 од 14.10.2016 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА; и
-ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА Р.МАКЕДОНИЈА,УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со намена специјализирани складишта,дистрибутивни центри-магацини простор на дел од КП571/1,КО Желино вон ГР,општина Желино изработени од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со бр. Y49824 и РЕШЕНИЕ БР.УП15-1159/2 од 12.03.2025 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА;
- ажурирана геодетска подлога и теренско снимање од страна на овластени стручни лица;
- увид на лице место од страна на стручни лица – изготвувачи на планот и
- податоци добиени од Одделение за урбанизам во општина Желино.

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

1.2. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ

Проектниот опфат на северната и североисточната страна граничи со КП 571/1,на југоисток со КП 943/1,на југ со КП 939 и КП 910 додека на запад со КП 571/4 . Површината на проектниот опфат изнесува 48927.33м2. Проектниот опфат е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец.

	X	Y
1	7506188.41	4649844.85
2	7506189.34	4649844.33
3	7506193.38	4649842.05
4	7506198.52	4649840.88
5	7506203.63	4649839.71
6	7506208.95	4649838.50
7	7506209.24	4649838.43
8	7506215.52	4649836.31
9	7506222.09	4649834.09
10	7506221.65	4649831.60
11	7506221.20	4649829.10
12	7506225.37	4649827.51
13	7506229.54	4649825.92
14	7506233.61	4649824.36
15	7506237.67	4649822.81
16	7506242.62	4649821.10
17	7506249.98	4649818.56
18	7506257.34	4649816.02
19	7506267.23	4649813.10
20	7506277.12	4649810.18
21	7506282.77	4649807.76
22	7506288.42	4649805.34
23	7506290.91	4649804.27
24	7506297.80	4649801.32
25	7506304.69	4649798.36
26	7506312.01	4649795.58
27	7506319.33	4649792.79
28	7506325.37	4649789.56
29	7506331.41	4649786.33
30	7506337.44	4649783.10
31	7506343.48	4649779.87
32	7506347.78	4649777.48
33	7506352.08	4649775.09
34	7506356.37	4649772.69
35	7506360.67	4649770.30
36	7506366.17	4649765.91
37	7506371.67	4649761.53
38	7506377.16	4649757.14
39	7506382.66	4649752.75
40	7506387.80	4649760.46
41	7506398.07	4649775.87
42	7506399.39	4649777.85
43	7506403.21	4649783.58
44	7506406.47	4649788.02
45	7506411.96	4649795.50
46	7506420.71	4649807.41
47	7506431.74	4649825.00
48	7506431.85	4649825.18
49	7506442.30	4649841.90
50	7506452.86	4649858.80
51	7506280.18	4649974.43
52	7506280.18	4649974.43
53	7506263.19	4649972.39
54	7506227.26	4649978.43
55	7506202.33	4649982.73
56	7506192.89	4649984.36
57	7506183.37	4649990.71
58	7506173.84	4649997.06
59	7506154.79	4650009.76
60	7506146.33	4650018.23
61	7506137.86	4650026.69
62	7506132.26	4650032.30
63	7506120.93	4650043.63
64	7506113.52	4650066.91
65	7506110.83	4650075.35
66	7506106.11	4650090.19
67	7506100.82	4650109.24
68	7506098.11	4650119.00
69	7506097.06	4650119.16
70	7506097.64	4650113.97
71	7506098.13	4650109.66

72	7506099.19	4650100.16
73	7506097.45	4650081.47
74	7506095.71	4650062.78
75	7506091.36	4650041.64
76	7506087.00	4650020.49
77	7506087.22	4650011.28
78	7506087.44	4650002.07
79	7506088.00	4649995.80
80	7506088.56	4649989.52
81	7506091.08	4649974.58
82	7506093.59	4649959.64
83	7506094.18	4649955.83
84	7506095.44	4649947.81
85	7506097.28	4649935.98
86	7506097.58	4649933.67
87	7506098.84	4649924.12
88	7506099.07	4649922.39
89	7506099.84	4649916.46
90	7506100.85	4649908.80
91	7506103.39	4649906.68
92	7506110.82	4649899.79
93	7506115.25	4649895.68
94	7506119.04	4649892.07
95	7506122.82	4649888.46
96	7506125.54	4649885.87
97	7506128.26	4649883.28
98	7506133.54	4649881.41
99	7506137.70	4649879.94
100	7506143.38	4649875.82
101	7506149.07	4649871.70
102	7506160.43	4649863.46
103	7506166.19	4649859.55
104	7506172.76	4649855.09
105	7506185.08	4649846.72
106	7506185.42	4649846.53

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

За дел од предметниот опфат издадени се УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ за изработка на урбанистички план за село Желино,општина Желино изработени од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со бр. Y14716 и РЕШЕНИЕ БР.УП 1-15 5501/2016 од 14.10.2016 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА;
Подоцна за преостанатиод дел од предметниот опфат(0,9ха) добиени се дополнителни УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со намена специјализирани складишта,дистрибутивни центри-магацини простор на дел од КП571/1,КО Желино вон ГР,општина Желино изработени од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со бр. Y49824 и РЕШЕНИЕ БР.УП15-1159/2 од 12.03.2025 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА;

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈАТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКНИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1. Географска положба

Селото Желино се наоѓа во северо - западниот дел од Македонија, во горниот дел на Полошката Котлина, а територијално припаѓа во општина Тетово. Се простира на западниот дел на општината и преку патен правец Р1206 - (Кључка Матка-врска

со А2-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште-Гостивар-врска со А2) се поврзува на автопатската и магистралната патна мрежа во државата. Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој регионален патен правец влегува во групата на регионални патишта "Р2" и се преименува со ознаката: Р1206 - (Клучка Матка-врска со А2-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште-Гостивар-врска со А2).

3.2. Геолошки карактеристики

Полошка Котлина - Се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден. Се протега во правец североисток-југозапад, а е поделена на Горни Полог - гостиварскиот дел и Долни Полог - тетовскиот дел. Котлината зафаќа вкупна површина од 1475km2 и се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747m. Само рамнинскиот дел зафаќа површина од 33200ha и се простира меѓу 400 и 600m надморска височина, односно има просечна надморска височина од 500m. Полошката котлина е затворена од сите страни, со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската Котлина.

3.3. Сеизмички карактеристики

Предметниот плански опфат според очекуваните сеизмички интензитети се наоѓа во зоната изложена на потреси од VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

3.4. Климатски и микроклиматстски услови на регионот

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.
Климата во ова подрачје е **умерено континентална**, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите не се честа појава. Ветровите се преку цела година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6m/sek, а честотата е најголема од север со 220‰ и северозапад 76‰ и североисток 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,8$_0$C, просечен годишен минимум е 4,9$_0$C, а просечен годишен максимум 16.7$_0$C. Просечниот мразен период трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем сооглед на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3mm врнежи, 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

3.5. Хидрографски и хидролошки карактеристики

Селото Желино, општина Тетово, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил "Радуша". На ВП "Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем "Маврово". Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост Qср/год=4,15m3/s. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

Врз основа на "Експертиза за одредување на заштитните зони на изворот Рашче" донесена е "Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита" ("Службен весник на СРМ" бр. 36/1990) со која се утврдени три заштитни зони:

- Прва зона (зона на санитарно ограничување) која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда;
- Втора зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Поради значењето на изворот, обезбедување на питка вода со висок квалитет за голем број на населени места, изработен е и донесен "Просторен план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче" каде се анализирани ризиците кои може да ја нарушат постојната состојба на изворот. Анализата покажува дека билансот на водите во сливот на изворот битно се сменети заради зафаќање на дел од Шарските води на надморска височина од околу 1350 m, високо над зоната на понирање на површинските води од Шара во Полошката збиена издан и нивно префрлање во сливот на Мавровско Езеро. На тој начин се намалуваат количествата на вода во вкупниот биланс што потекнуваат од понирањето на шарските притоки на контактот на подножјето на Шара и полето Долен Полог, при што учеството на водите на реката Пена во однос на преостанатите површински води, станува доминантно. Затоа со Просторниот План на регионот на заштитните зони на изворот Рашче проширена е границата на Втората заштитна зона од селото Порој, над Тетово, кон Мала Речица, преку автопатот Тетово - Гостивар, по јужната граница на општината Тетово до реката Вардар, потоа по јужната катастарска граница на селото Желино, до автопатот Тетово - Скопје, каде се спојува со Првата заштитна зона.

Предметната локација се наоѓа во II заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита ("Службен весник на СРМ", број 36/90),кои се однесуваат на оваа зона.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

4.1. Демографски показатели

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на

населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.
Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Желино на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 24.390 жители, од кои 18.2% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

5.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКНИОТ ОПФАТ

5.1. Намена на просторот - содржини

Постојната намена на просторот кој е предмет на уредување на овој УП е неизградено земјиште.

5.2. Сообраќај

Проектниот опфат во југоисточниот дел преку пристапниот пат се приклучува кон државните патишта и тоа на регионалниот пат Р2242 Желино (врска со А2) – Јегуновце (врска со Р2234).

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните средини и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.
На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа нема регистрирно Археолошки локалитет.
Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, нема евидентирани локалитети. Но, доколку при реализација на овој УП се појави архелошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство(„Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) .
Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20,111/23,171/24 и 224/24) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Согласно Условите за планирање на катасатарската парцела која е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата(експертен елаборат).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

7.1. Водоводна мрежа

За просторот кој е предмет на овој УП, ЈКП, Мирмбајтја ,-Желино нема доставено податоци, информации и мислења, но од увидот на лице место констатирано е дека нема изградена водоводна мрежа.

7.2 Електроснабдителна инфраструктура

Од комуналната инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје добиени се податоци со тех бр. 10-55/6-134 од 02-04-2025 год, со кои се потврдува дека во непосредна близина на проктниот опфат има постојни инсталации во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и тоа 10(20)кВ надземна мрежа.

7.3. Телекомуникациска инфраструктура

Со дописите на Македонски Телеком бр.70237 од 26.03.2025 се потврдува дека во непосредна близна на дадениот опфат нема постојни телекомуникациски инсталации.

11. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ИДЕЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Согласно Просторниот план на Р.Македонија развојот на урбанистичкиот план вон населено место, подрачја треба да се насочат кон:

- Обезбедување на услови за ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на селските населби со елементи на комунална инфраструктура и неопходни функционални содржини;
- Порационална организација на населбите врз основа на дефинирање на специфичните развојни потреби;
- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност;
- Зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и истражување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
- Запазување и афирмирање на културните и природните особености и врдности и квалитетот на животната средина;

Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

12. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 550/2016 од 14.10.2016 година
Скопје

Врз основа на член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15 и 163/16), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Желино ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. 14716** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Желино, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15 и 163/16), поднесе барање до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино.

Согласно член 25, став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15 и 163/16), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 550/2016 од 23.09.2016 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова **Решение** и одлучи како во диспозитивот.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

М И Н И С Т Е Р
Bashkim Ameti

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЖЕЛИНО

ОПШТИНА ЖЕЛИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y14716

Скопје, септември 2016

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЖЕЛИНО

ОПШТИНА ЖЕЛИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: ОПШТИНА ЖЕЛИНО

Тех. бр. Y14716

Раководител на задачата:
Лидија Петковска дипл. инж.арх.

Makedonski Telekom CA, Lidija Petkovska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Lidija Petkovska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=APP-MK030005576521, serialNumber=CRT3511630, cn=Lidija Petkovska
Date: 2016.09.05 09:58:50 +02'00'

Координатор:
м-р Христина Оџаклиеска,
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Makedonski Telekom CA, Hristina Odzhaklieska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Hristina Odzhaklieska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=APP-MK030005576521, serialNumber=CRT3511623, cn=Hristina Odzhaklieska
Date: 2016.09.05 09:59:34 +02'00'

Агенција за планирање на просторот

Директор

Љупчо Георгиевски, д.и.а.

Ljupcho Georgievski
Digitally signed by Ljupcho Georgievski
DN: o=Agencija za planiranje na prostorot, c=MK, email=georg.skmk@gmail.com, sn=Georgievski, givenName=Ljupcho, cn=Ljupcho Georgievski
Date: 2016.09.06 14:20:41 +02'00'

Скопје, септември 2016

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЖЕЛИНО

општина Желино

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите од изработка **Урбанистички план за село Желино, општина Желино.** Површината на планскиот опфат изнесува 476,351 ha. Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Низ планскиот опфат поминуваат трасите на два оптички кабли за кои се издадени услови за планирање на просторот со технички број Y07705 и Y32107 и трасата на водовод за кој се издадени услови за планирање на просторот со технички број Y26913.

Во рамки на планскиот опфат има издадено услови за планирање на просторот за следните документации кои се **усвоени со Одлука на совет** и истите ќе бидат во целост интегрирани во новиот плански опфат:

1. УПВНМ за стопански комплекс (преработка на мермери, бетонски елементи и сервиси) КО Желино (Y01105), во 2005 година, Одлука бр. 07– 39/4 од 24. 01. 2008 година.
2. Урбанистички план за село Желино, КО Желино (Y27210), во 2010 година, Одлука бр. 07–1302/3 од 23. 11. 2012 година.
3. УПВНМ за трговски центар со магацински простор во КО Желино, со површина од 0.93 ha (техн. бр. Y32307), во 2007 година, Одлука бр. 07–1273/7 од 29. 12. 2008 година.
4. УПВНМ за стопански комплекс (лесна и незагадувачка индустрија, односно погон за изработка и монтажа на мебел), во КО Желино со површина од 0.91 ha (техн.бр.Y22907), во 2007 година, Одлука бр. 08–19/1 од 09. 01. 2009 година.
5. ЛУПД за стопански комплекс на КП 1200/44, 1200/48, 1200/43, 1200/42, 1200/47, КО Желино, општина Желино (тех.бр. Y18209), во 2009 година, Одлука бр. 07–1302/3 од 23. 11. 2012 година.
6. ЛУПД за базна станица за мобилна телефонија – ТТВ 8097, на дел од КП 1646/1, КО Желино (тех.бр.Y25510), во 2010 година, Решение бр. 07–1302/3 од 23. 11. 2012 година.
7. ЛУПД за базна станица за мобилна телефонија на КП 1646/1, КО Желино (тех.бр. Y09510), во 2010 година.

Во рамки на планскиот опфат веќе има издадено услови за планирање на просторот за следните документации кои се **во фаза на донесување** и истите ќе бидат во целост интегрирани во новиот плански опфат:

1. УПВНМ за стопанска зона со намена Г2, Г3 и Г4 и плански опфат од 89.38 ha, КО Желино (Y32810), во 2010 година.
2. ЛУПД за хотелски комплекс на делови од КП 1200/24, 1200/33, 2226, 1190/3, 2225/1, 1191 и дел од КП 2228/1, м.в. Сударек, КО Желино (техн.бр. Y09716), во 2016 година.
3. ЛУПД за производен комплекс на делови од КП 1200/20, 2226, 1190/2, 1190/3 и 2225/1, м.в. Сударек, КО Желино (техн.бр. Y09816), во 2016 година.

Во рамки на планскиот опфат има издадено услови за планирање на просторот за следните документации кои не се **усвоени со Одлука на совет, ниту се во постапка за усвојување** и истите ќе бидат поништени:

1. Урбанистички проект за воспитно поправен дом - Тетово на КП 571/8, КО Желино (Y01209), во 2009 година.

2. УПВНМ за изградба на стопански комплекс (лесна и езагадувачка индустрија,и магацински простор) на м.в. Клисура, во КО Желино, со површина од 14.82 ha (техн.бр. Y28708), во 2008 година.
3. УПВНМ за стопански комплекс (експлоатација на гранитни и камени елементи, магацински простор), во КО Желино, општина Желино, со површина од 4.21 ha (техн.бр.Y04007), во 2007 година.
4. УПВНМ за стопански комплекс - столарска работилница, во КО Желино, со површина од 0.39 ha (техн.бр. Y02510), во 2010 година.

Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино, навлегува во заштитните зони на изворот Рашче.

Во текот на 2003 г. Собранието на Р. Македонија го усвои **Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**, како регионален план преку кој се спроведува, односно имплементира Просторниот план на Републиката.

Изворот Рашче, кој се наоѓа на 17 km западно од Скопје, е значаен за водоснабдување на градот Скопје и околните населби. Од градската водоводна мрежа, односно од изворот Рашче се водоснабдуваат 84%, од жителите на градските и приградските населби.

Специфичната геолошка, геоморфолошка и хидрогеолошка структура во пределот на подрачјето што претставува зона на хранење на изворот Рашче, овозможува подземно акумулирање на карстна издан и создава природен феномен со особена вредност и општествено значење. Врз основа на анализите на билансот на водите во Полог и изворот Рашче, извршени во период од 1969 - 1973 год. утврдена е директна зависност на порастот на водите во басенот на изворот од атмосферските врнежи, протоците на река Вардар на потегот од водомерната станица во с. Раотинци до водомерната станица во с. Јегуновце и од протоците на Шарските притоки на р. Вардар.

Врз основа на зоните на хранење на изворот Рашче издвоени се три заштитни зони:

- **Прва зона** (зона на санитарно ограничување) која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда;
- **Втора зона** (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- **Трета зона** (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Заштитните зони се утврдени со посебна **Одлука за утврдување на границите на заштитните зони на изворот и определување на мерки за заштита** (“Службен весник на СРМ” бр. 36/90).

Со зонирањето се утврдени посебни режими на заштита за секоја зона, усогласено со хидрогеолошките, хидролошките и урбаноеколошките услови, а се однесуваат на:

- мерки за заштита на физичките, хемиските и бактериолошките својства на водата;
- мерки за заштита на природните вредности на земјиштето, водите, вегетацијата и воздухот;

- мерки за заштита на водните количества и нивниот природен режим на истекување.

На целиот простор на **Прва заштитна зона** се утврдува прв степен на заштита.

На просторот од **Втората заштитна зона** за спроведување на режимот на заштита, утврдени се три степени на заштита-**втор, трет и четврт степен** на заштита, согласно трите подкласи одделени со хидрогеолошката реонизација на теренот (практично незаштитена, делумно заштитена и заштитена збиена издан).

На територија на **Третата заштитна зона** не се спроведува режим на заштита, освен што се дефинира **мониторинг** според претходно утврдена програма.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**.

Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Републиката.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите.

Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Климата во ова подрачје е **умерено континентална**, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите не се честа појава. Ветровите се јавуваат преку целата година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6 m/sek, а честотата е најголема од север со 220‰, северозапад со 76‰ и североисток со 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,8^{0}C, просечниот годишен минимум е 4,9^{0}C, а просечниот годишен максимум е 16.7^{0}C. Просечниот мразен период трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем со оглед на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3mm врнежи. Во текот на годината има 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

Полошка Котлина - Се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден. Се протега во правец североисток-југозапад, а се дели на Горни Полог - гостиварскиот дел и Долни Полог - тетовскиот дел. Котлината зафаќа вкупна

површина од 1475 km^2, а се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747 m. Само рамнинскиот дел зафаќа површина од 33.200 ha и се простира меѓу 400 и 600m надморска височина, односно има просечна надморска височина од 500m. Од сите страни е затворена со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската Котлина.

По постанок таа е тектонска потолина која во олигомиоценот се спуштила по должината на раседите под Шар Планина и оние под Сува Гора и Жеден. Кон котлинското дно планините се спуштаат со стрмни отсеци.

Појавите на езерски глини кај с. Желино и езерските тераси како Балтепе над Тетово и оние кај Сараќинце и Желино зборуваат за езерската фаза низ која поминала Полошката Котлина. По истекувањето на Полошкото Езеро започнала флувијалната фаза за време на која Вардар го издлабил своето корито. Истовремено ги издлабиле своите корита и неговите шарски притоки, натрупувајќи го речниот нанос во вид на пространи брановидни плавини по целото подножје на Шар Планина.

Основниот почвен тип во Полошката Котлина се делувијалните почви. Тие зафаќаат површина од 24.500 ha. Генетски тоа се млади почви и секоја година се обновуваат со наноси од пороите и рекичките. Го покриваат целиот западен и северозападен дел од котлинското дно, а на места се протегаат по целата површина на Полог допирајќи се до текот на Вардар. На овој тип почви со голем успех се одгледуваат овошни дрвја (посебно јаболки), винова лоза, градинарски култури (посебно пиперки и зелка), жита и тутун.


Црвениците кои генетски се најстар почвен тип зафаќаат површина од околу 4000 ha и се распространети во атарите на селата Здуње, Дебреше, Врапчиште, Долно Палчиште и други, а во североисточниот дел од котлината во атарот на с. Нераште на овој тип почва овде мошне добро успева и се одгледува тутунот и виновата лоза.

Од обете страни по текот на Вардар на целото протегање низ Полог, во близина на речното корито се простираат алувијалните почви. Зафаќаат површина од 3620 ha и поради излевањето на водата често се пренапластуваат. На овој тип почва со успех се одгледуваат пченка, грав, шеќерна репка, крмни растенија и бели жита.

Во аграрен поглед, Полошката Котлина може да се подели на три реона. Првиот ги зафаќа најниските падини на Шар Планина и дел од Полошката рамнина. Се протега на простор од околу 20.000 ha, а се специјализирал за градинарско производство и овоштарство. Овде се прочуени пиперките од Речица, кромидот од Бањица и гравот од Палчиште. На падините на Шар Планина на надморска височина од 600 до 800 m се јавуваат густи природни комплекси на костени и ореви. Вториот реон е изразито рамничарски и се протега низ целата котлина од левата страна на Вардар. Зафаќа површина од околу 11.000 ha. Тоа е житарско-овоштарски и сточарски реон. Се одгледуваат пченка, пченица, крмни растенија и јаболка. Третиот реон ги зафаќа површините од десната страна на р. Вардар, се до подножјето на Сува Гора и Жеден. Овде обработливите површини се ограничени и зафаќаат само околу 2500 ha. На нив главно се одгледува тутун и винова лоза.

Податоците се од мерната станица **Тетово.**

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Просторот кој е предмет на анализа припаѓа на планскиот опфат на **“Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче”.** Според тоа, неопходно е да се почитуваат и планските определби од овој Регионален просторен план според кој се предвидува развој на економијата преку концентрација на капацитетите во дефинирани зони, наместо нивно дисперзирање низ просторот. Оваа определба базира на изразената хидрогеолошка чувствителност на регионот на заштитните зони и потребата од заштита на обработливото земјиште, како необновлив ресурс. Преку концентрацијата на стопанските капацитети во производни зони, ќе се овозможи мултиплицирање на економските ефекти и ефикасна контрола врз спреведувањето на мерките за заштита на животната средина. Успешното функционирање на економската зона со формирање на мали и среди капацитети, ќе претставува јадро кое ќе го поларизира околниот простор што му гравитира, поттикнувајќи развој и на други индустриски капацитети како и развој на другите дејности и инфраструктурата, во околниот простор.

Во реализацијата на овој концепт доминантна улога ќе има Локалната управа, која во рамки на своите надлежности и во согласност со монетарно-кредитната и фискална политика, ќе овозможи овие локалитети да функционираат како производни зони.

Имајќи ја предвид просторната дисперзија на населбите, гравитационите влијанија и комуникациона поврзаност, со Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче се предвидува формирање на две стопански зони и тоа:

- За населбите Рашче, Радуша, Дворце, Бојане и Копаница, се дефинира локација на стопанска зона надвор од Првата заштитна зона (многу загрозената издан на Жеденскиот масив), во атарот на населбата Љубин (општина Сарај), на државно земјиште. Зоните за стопанство предвидени со постојната урбанистичка документација за овие населени места ќе бидат резервирани за реализација на мали погони, чии што технолошки процеси нема да создаваат отпадни води.
- За населбите Требош, Жилче, Ратае, Сиричино, Шемшово, Озормиште, Прељубиште, Копанце, Јанчиште, Подбреѓе и Јегуновце, се предвидува организација на стопанска зона во кругот на ХЕК Југохром, како и на локацијата на депонијата.
- За останатите населби во заштитните зони, (населбите на потегот Џепчиште-Вратница), не постојат услови за лоцирање на концентрирана стопанска зона. Од тие причини капацитетите ќе бидат градени во рамките на стопанските зони предвидени со постојната урбанистичко-планска документација.

Увидот во намената, капацитетите, прометот со опасни материи, комуналната опременост, третманот на отпадоците, на постојните изградени стопански капацитети ќе се врши на ниво што соодветствува на загрозеноста на

квалитетот на подземните води. Во планскиот период **една од приоритетните задачи ќе биде формирање на централен мониторинг за овие состојби, заради превземање на оптимални мерки за санирање на проблемите со загадувањето на подземните води во регионот.**

Согласно определбите утврдени со "Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче", транзицијата во еколошки одржлива економија ќе вклучи промена на линеарните во циркуларни текови на ресурси, така што ресурсите ќе се користат континуирано - отпадоците ќе се рециклираат и ќе претставуваат суровина во некој друг производствен процес, за да се редуцира количеството на отпадоците и за да се заштедат природните ресурси. Основните принципи при идното организирање на структурата на стопанските капацитети на подрачјето на двете заштитни зони на изворот Рашче се следните:

- Предоминатна употреба на енергијата од обновливи извори;
- Ефикасно користење на енергенти, вклучувајќи целосно рециклирање на минимизираните ресурси;
- Минимална употреба на токсичните материјали без емитирање во животната средина.

Основните критериуми за лоцирање на стопански капацитети на просторот на заштитните зони на изворот Рашче се следните:

- Геоморфолошките, геомеханичките, хидрогеолошките, педолошките и климатските услови;
- Концентрација на индустиските објекти врз економски и технолошки критериуми;
- Локациите мора да бидат избрани така што негативните влијанија од производниот процес на објектите нема да ги загрозат подземните води и животната средина и здравјето на луѓето;
- Оптимална опслуженост со комунална опрема;
- Оптимална сообраќајна поврзаност со населените места;
- Економичност на положбата;
- Можност за поврзување со сродни претприемачи;
- Заштита од хаварии и сл.

Ораганизацијата, намената, видот и обемот на производството и негово соодветно алоцирање, се насочува кон обезбедување на економски просперитет на подрачјето на заштитените зони, преку примена на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори. Во случај да се јават стратешки инвеститори заинтересирани за реализација на стопански капацитети, кои според природата на производството можат негативно да влијаат на подземните води на подрачјето, условите за градба што се издаваат од надлежните служби, неопходно е да поминат низ низа филтри во државните служби и невладини организации, со цел да се обезбедат строги стандарди за заштита на животната средина и постојана контрола на нивната ефикасност.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Тетово со гравитационо влијание врз просторот за кој што се наменети

Условите за планирање. Половите на развој ги формираат оските на развојот кои се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои **релевантна за анализираниот простор е "Северната оска"** која се формирала по Втората светска војна до денес, во северниот и западниот дел на државата и која ги поврзува градовите: Струга - Охрид – Кичево – Гостивар – Тетово - Скопје – Куманово - Крива Паланка. Во современите текови, оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р. Бугарија и на запад кон Елбасан-Р. Албанија.

Во Просторниот план сите овие оски ќе се имаат предвид за просторната организација, а во прв ред за **модернизацијата на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн.**

При изработката и реализацијата на Урбанистичкиот план за с. Желино во општина Желино, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија" и "Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче" треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој особено превентивна примена на стандардите за заштита на животната средина и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз овој значаен простор.

Согласно утврдениот режим за користење на земјиштето и ресурсите на целиот простор на Првата заштитна зона се забранува изградба на бензински пумпи; за погоните за индустриско производство и складиштата задолжително да се изработат еколошки елаборати и да се изведат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води (прописно изведени дво-коморни бетонски септици).

Во Втората заштитна зона на Изворот за погоните за индустриско производство и складиштата задолжително да се изработат еколошки елаборати и да се изведат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води (прописно изведени дво-коморни бетонски септици); се налага перманентна контрола на постојни бензински пумпи (контрола на притисок на вентилите во резервоарите и исправност на мрежата); за новопредвидени бензински пумпи ќе се издаваат посебни дозволи од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина од 476,351 ha на планскиот опфат на селото.

При изработката на Урбанистичкиот план за селото треба да се има во предвид дека предложениот плански опфат граничи со планскиот опфат на селото Стримница за кое се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У21713. Исто така во близина на планскиот опфат се наоѓа локација со стопански комплекс за кој се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У20115 и планскиот опфат на селото

Сараќино за кое се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. 04105.

Наведената забелешка има за цел да се согледа компатибилноста на намената на просторот на соседните локации и локациите кои се наоѓаат во близина.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Усогласување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните услови и ограничувања и пренамена на дел од земјоделското во шумско земјиште, односно пошумување и затревување на дел од ораничните површини со ниска катастарска класа;
- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели, особено во градските окружувања;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на бонитетната структура на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Создавање на услови за перманентно зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е **поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.** Предметната локација припаѓа на **западниот земјоделско стопански реон** со 7 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската

документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”, бр.199/14, 44/15, 193/15), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Во рамките на заштитните зони на изворот Рашче во доменот на полјоделството и сточарството потребно е да се имплементираат специфичните мерки дефинирани со "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со **Просторниот план на Р. Македонија и Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче** е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на теренитe каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање на теренитe каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренитe каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др;
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Проекцијата за пошумување со **Просторниот план на Р. Македонија** и **Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче** за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките услови, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р. Македонија**, **во регионот на Тетово** (каде се наоѓа селото Желино) се планира пошумување во шума и вон шума на околу **4.000** ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Тетовскиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **40.200** ha, дрвната маса се проценува на износ од околу **3.400.000** m^3 и вкупен годишен прираст од **101.000** m^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, и да се оствари оптимална корист од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со **Просторниот**

план на Р. Македонија и **Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче**.

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино навлегува во сите три заштитни зони на изворот Рашче. Согласно "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче" за третата зона не се спроведува режим на заштита, освен што се дефинира **мониторинг** според претходно утврдена програма, додека првата и втората заштитна зона за која е утврден Втор степен на заштита **подразбира примена на следните мерки во областа на шумарството:**

- **Пошумување на заштитните зони на изворниците за водоснабдување.**
- **Одржување на шумите во земјоделското земјиште.**
- **Пошумување на ветрозаштитни појаси.**
- **Стабилизирање на речни брегови за заштита од поплави и ерозија.**
- **Заштита на шумите од пожари преку подигање на појаси од пирофитни растенија.**
- **Подобрување на квалитетот на шумите со преведување на нискостеблените во високостеблени, со акцент на Првата заштитна зона.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за “воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП “Полог”, “Скопје”, “Треска”, “Пчиња”, “Среден Вардар”, “Горна Брегалница”, “Средна и

Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Селото Желино, општина Желино, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил "Радуша". На ВП "Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем "Маврово".

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост $Q_{ср/год}$=4,15 m^3/s. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

Врз основа на "Експертиза за одредување на заштитните зони на изворот Рашче" донесена е "Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита" ("Службен весник на СРМ" бр. 36/1990) со која се утврдени се три заштитни зони:

- Прва зона (зона на санитарно ограничување) која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда;
- Втора зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Планскиот опфат на селото Желино зафаќа простор во сите три заштитни зони. Со "Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита" дефиниран е режимот на користење на земјиштето во сите зони.

Во првата заштитна зона на изворот (зона на санитарно ограничување) се забранува:

- **Градење на објекти и изведување на работи, експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности на земјиштето, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;**
- **Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;**
- **Изградба на фарми за стока и живина;**
- **Неконтролиран транспорт, складирање и користење на течности кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви (нафта и нејзини деривати, токсични материи и друго);**
- **Испуштање или складирање на масла, токсични и радиоактивни материи;**
- **Депонирање на отпадни материи и смет;**
- **Кампирање и друг вид на организирано задржување на луѓе.**

Во првата заштитна зона на изворот Рашче е задолжително:

- **Пречистување на отпадните води. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување;**
- **Перманентна контрола на постојни бензински пумпи;**
- **Регулација на р. Вардар на делници загрозени од плавење;**
- **Санирање на деградирани површини од екплоатација на песок и чакал на речните брегови;**
- **Одржување на крајбрежна вегетација за заштита од ерозивен нанос.**
- **Во оваа зона може да се врши пошумување.**
- **Обработката на земјоделското земјиште на досега освоените површини и примена на природно и вештачко ѓубриво, како и употреба на хемиски средства за заштита на растенијата може да се врши само со посебно одобрение и упатство од органот на управата надлежен за работите во земјоделството, шумарството и водостопанството.**
- **Во постојните селски населби во оваа зона може да се врши екстензивно сточарење, ратарење и други функции и изградба на објекти само во согласност со урбанистички планови изработени според критериумите кои ги налага оваа зона.**

Во втората заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) на изворот се забранува:


- **Експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;**
- **Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;**
- **Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството на водите и режимот на површинските и подземните води;**
- **Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;**
- **Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;**
- **Испуштање на непречистени отпадни води во водотеци и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија.**

Во оваа зона се дозволува пошумување и користење на земјиштето за земјоделско производство со примена на вештачки и природни ѓубрива и употреба на хемиски заштитни средства кои не содржат неразградливи отровни и штетни материи.

Во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) се налага:

- **Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат квантитетот, квалитетот и режимот на површинските и подземните води;**

Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче



граница на 1-ва з.з. на изворот Рашче

граница на 2-ра з.з. на изворот Рашче

граница на 3-та з.з. на изворот Рашче

- **Примена на пропишани услови за испуштањето на отпадните води во отворени водотеци од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел на сливот на реката Варда низводно од Гостивар.**

При користење на земјиштето во сливното подрачје на реката Вардар, спротиводно од изворот Рашче, кое може да има негативно влијание врз животната средина, да се направи проценка на потребата од утврдување на влијанијата врз животната средина.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на селото;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е стриктно спроведување на принципот на "заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на селото;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност карактеристиките на отворените водотеци од II класа дефинирани со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата , акумулациите и подземните води";

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во селото, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациската мрежа.

Планскиот опфат на селото се граничи со коритото на реката Вардар. При изработката на планската документација за селото треба да се предвиди заштитен појас согласно Законот за води. Доколку во текот на градбата има потреба за пренасочување, црпење или зафаќање на водите од реката да се постапи согласно позитивната законска регулатива.

За **наводнување** на земјоделските површини во ВП "Полог" се користат површински води. Во В.П "Полог" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 13.350 ha, а има можности за проширување на системите за наводнување кои ќе покриваат уште нови 15.290 ha.

При изработка на планската документација за селото површините за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на неговата трансформација во неземјоделско земјиште.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р. Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р. Македонија. При тоа, приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Р. Македонија се планира подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Постојниот преносен 110kV вод Полог – Тетово - Скопје1 минува низ планскиот опфат на с.Желино заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електро-енергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".

Останатите постојни и планирани преносни 110kV и 400kV водови немаат конфликт со планскиот опфат на с.Желино.

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Во однос на другите енергенти, природниот гас при согорување испушта помалку штетни материи, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум и при тоа нема појава на цврст отпад.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р.Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Постојниот гасовод завршува во Скопје каде што се изградени две главни мерно-регулациони станици: Скопје-север и Скопје-југ. Според планот на развој

на гасоводниот систем планирано е да се изгради делница-5 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево, со што ќе се создадат поволни услови за употреба на природниот гас во енергетската потрошувачка и во овој регион. Трасата на овој гасовод не е точно утврдена.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Желино на која што припаѓа селото Желино регистрирани се вкупно 24.390 жители, додека само во селото Желино живеат вкупно 4110 жители.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Процесот на урбанизација на Р. Македонија, специфичен според нагласената динамика на промените во демографската сфера и создадената дипропорција помеѓу урбаните и руралните населбаи претставува глобална рамка во која се одвива развојот на населените места во зоните на заштита на изворот Рашче. Основна цел во развојот на селските населби ќе биде достигната со доближување, па и изедначување, на условите на живеење и зголемување на руралните во споредба со градските населби.

Развојот на населените места и во планскиот период ќе се одвива на концептот на процесот на децентрализирана урбанизација кој, како и досега, ќе претставува доминантен и најкомплексен општествен процес.

Појдовна основа за дефинирање на системот на населбите, посебно системот на централни населби ќе претставува системот на населби (центри) дефиниран со ППРМ.

Просторот на заштитната зона и населените места просторно се дефинирани на два сегмента а функционално и гравитациски ориентирани кон два важни урбани центри – источниот простор со 4 населби кои гравитираат кон градот Скопје а западниот простор со 30 населби кои гравитираат кон градот Тетово. Гравитациското влијание на наведените центри Скопје и Тетово се однесуваат на задоволување на потребите од највисоко ниво (специјални потреби и периодични потреби). За задоволување на дневните потреби населението е упатено на локално ниво во самите населби или центрите на локално или општинско ниво.

Табела: Планиран систем на централни населби во опфат на ПП на заштитните зони на изворот на Рашче

Ниво на централитет	*Функција*	*Населени места*	*Ниво на урбанизираност*	*Функционална содржина*
Примарно ниво (I)	Општински центар	Теарце Јегуновце Џепчиште Вратница Желино Сарај Кондово	*Урабанизирана населба-амбиентално уредена и опремена на наиво на урбана населба*	• *Административни служби на локална самоуправа и администрација* • *Образование* • *Социјала,* • *Здравство,* • *Култура* • *Специфични функции-мониторинг Рашче* • *Комплекс функции на локалана самоуправа*
Секундарно ниво (II)	Останати населби	30 населби во заштитната заона Рашче	*Рурална населба*	• *Локална управа* • *Образование* • *Култура* • *(Здравство)*

Развојот на населените места во заштитните зони на изворот на Рашче (ПП Рашче) ќе треба да се одвива со примена на општи и посебни мерки и насоки за развој.

Категорија на **општи мерки** и насоки предвидува:

- Изработка на просторно-планска документација за населените места за кои не е донесена, односно ревизија на постојана планска документација;
- Целосно усогласување на планската документација на населените места со насоките и поставките на планот од повисоко ниво-Просторен план на заштитните зони на изворот Рашче (ПП „Рашче“);
- Контролиран просторно-физички развој на населените место и ограничување на проширувањето на градежниот опфат надвор од постојните границ;
- Зголемување на ефикасноста во користењето на гардежното земјиште преку зголемување на просечната густина на населението и степен на искористеност на локациите;

- Примена на современи принципи во комуналното уредување и целосно екипирање на населените места со водоводна и канализациона мрежа;
- Примена на современи системи за елиминирање на цврст отпад со целосно елеминирање на депониите;
- Мониторинг на состојбата и функционирањето на стопански зони и стопанските капацитети (мини фарми, производни погони и др.) во населените места;
- Организација на сообраќајот и сообраќајниот систем во и надвор од населените места во согласност со заштитата на подземни води.

Посебните мерки се однесуваат на перспективниот развој на населбите и тргнуваат од постојната структура и типолошка квалификација на населените места, местото, улогата и развојните потреби на системот на населбите, влијанието на природните фактори и посебно положба на населбите во однос на различните степени на загрозеност и повредливост на просторот и квалитетното земјоделско земјиште:

Посебните мерки и насоки за просторен развој на населбите во ПП на заштитните зони на изворот Рашче предвидуваат, формирање на систем на населени места составен од две нивоа, и тоа општински центри од I ниво и останати населби II ниво. Секоја од населбите е функционално опремена во зависност од нивото во кое припаѓа.

Селото Желино општина Желино спаѓа во групата на населби од I ниво (општински центар) и во доменот на функционална опременост ќе располога со поголемо ниво на опременост со јавни функции од областа на (јавната администрација и управа, образование здравство, социјална заштита, култура, спорт и рекреација) од останатите населби опфатени со ПП на заштитните зони на изворот Рашче.

Посебните мерки и насоки во доменот на просторниот- физичкиот развој на населбите согласно ПП Рашче препорачуваат**:**

- Поефикасно да се искористува градежното земјиште во постојните граници на градежниот опфат, преку зголемен степен на изграденост и густина на населеност;
- Урбанистичката документација за развој на населбите мора да содржи и детално разработени мерки и конкретни плански решенија за заштита на животната средина и заштита на подземни води од загадување;
- Сите населени места да бидат комунално уредени и екипирани во доменот на сообраќајот, јавните површини, изградбата на современа комунална инфраструктура- водоснабдителна и канализациона (фекална и атмосферска) мрежа со пречистителни станици со целосна опфатеност на станбените и деловни објекти;
- Да се елиминира цврстиот отпад со отстранување на депониите од населените места и од севкупното заштитено подрачје на изворот „Рашче“.

Домување

Во Просторниот план на Р. Макединија, функцијата ***домување*** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и

општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето согласно ПП на регионот на заштитните зони на изворот Рашче се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд;
- Користење на градежни материјали без негативни влијанија врз квалитетот на подземните води;
- Дефинирање на инструменти и мерки за надминувањето на појавите на бесправна градба.

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на село Желино, општина Желино, треба да се обрне внимание особено на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства;
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд;
- потребите за корегирање, односно подигнување на стандардот и културата на домувањето.

Како ориентациона рамка за одредување на проекцијата на станбените потреби во Желино, може да се користи проекција на станбени потреби на ниво на општина Желино а согласно податоците од ППРМ.

Табела. Проекцијата на станбените потреби на ниво на општина

	општина Желино
станбен суфицит	245
станови кои се задржуваат	2956
субстандардни станови	399
домаќинства во 2020г	3750
нови станови по основ пораст на население	640
нови станови по основ отклонување на дефицит	0
вкупно нови станови во 2020г	1039
вкупно станови во 2020г	3995

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Општи цели во политиката на развој на јавните функции за село Желино, општина Желино, согласно ПП на заштитните зони на изворот Рашче во планираниот период се следните:

- намалување на разликите во квалитетот на живеење;
- зголемување на искористеноста на изградените фондови за потребите на работата на јавнита функции;
- понагласен развој на мрежата на институции за предучилишно воспитување и образование поради нивното значење во психофизичкиот развој на младата личност по пат на опфаќање на што поголем број на корисници;
- развивање на порамномерна мрежа на основни и средни училишта со целосен опфат на децата и младината на соодветната возраст и одвивање на наставата во една смена;
- порамномерен развој на здравствената заштита и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровска екипираност на здравствените служби;
- натамошен забрзан развој на културата низ повисоки форми на културно живеење, со посебен акцент руралните подрачја;
- проширување на мрежата на објекти и капацитети од областа на физичката култура со цел за постигнување на порамномерна и порационална просторна разместеност;
- активирање и самоиницијативи на граѓаните низ различни институционални и вон институционални аранжмани.

Согласно ПП на заштитните зони на изворот Рашче и врз основа на хиерархиската поделба на населбите, село Желино во општина Желино припаѓа во групата на населби од I ниво односно во категоријата на општински центри.

Центрите од I ниво, во кое спаѓа селото Желино, општина Желино, треба да располагаат со следната содржина на јавни функции:

Образование:

- основно училиште (деветолетка) за сите населби и по потреба и училиште за средно образование;

Здравствена заштита:

- од примарна здравствена заштита задолжително е здравствена станица и аптеки како комплементарни служби;

Социјална заштита

- предучилишни установи(детски градинки и јасли) и социјални институции и служби;

Култура:

- библиотеки;
- дом на културата, сценско музички дејности (пожелно е доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината).

Физичка култура:

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;

- покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во село Желино, општина Желино се:

За образование:

- за одредување на површината на училишниот објект потребно е да се обезбеди мин. 7 m^2 / ученик во основно образование и мин. 20 m^2 / ученик за површина на парцелата. Радиус на гравитација на основни училишта е од 1500 – 2500 m. За поголеми растојанија од 2500 m потребно е да се обезбеди организиран превоз со школски автобус или јавен превоз;
- за одредување на површината на училишниот објект во средно образование потребно е да се обезбеди 8 - 10 m^2/ученик и мин. 25 m^2 / ученик за површина на парцелата.

За социјална заштита:

- за објектите од социјален карактер за деца без родители и за стари лица се планираат по 3 места на 1000 жители со мин. 15 m^2 на површина на објектот по корисник и мин 30 m^2 на комплексот по корисник;
- за одредување на површината на предучилишни установи потребни се 35 m^2/дете за детска градинка и 30 m^2 по дете за детски јасли за отворени простори (зеленило, игралишта, пристапи). Радиус на гравитација за овие институции е 600 - 1000 m.

За здравство:

- гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000 m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2,17 лекари.

За култура:

- потребен простор за библиотеките е со мин. 100 m^2 на 1000 жители.

За физичка култура:

- за задоволување на просторните потреби на објектите од физичка култура потребни се 2 m^2/жител.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно**

прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и **поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**

Со оглед на тоа што селото Желино се наоѓа во границите на трите заштитни зони на изворот Рашче, доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидуваат површини за лоцирање на производни капацитети, потребно е да се применат определбите од "Просторниот план на Регионот на заштитните зони на изворот Рашче".

Основен критериум за видот на производството ќе биде квалитетот и структурата на користените горива и видот на предложената технологија. Во таа насока се детерминираат следните видови производство: се забранува лоцирање на објекти од хемиската индустрија; од комплексот на металургијата, машиноградбата и обработка на метали се дозволува само обработка на метали со термичка обработка без леење, производство на прибор за електрична индустрија (електроламби, вентилатори итн. без леење) и производство на тврди одливки, тврди метали без хемиска обработка на рудата; од областа на експлоатација и оплеменување на минерални суровини се забрануваат сите видови производство во Првата заштитна зона, додека во Втората заштитна зона производството се дозволува доколку се применети мерки за заштита на подземните води; од градежната индустрија дозволено е производството на гипс, производство на градежни материјали-чакал, песок и слично, производство на вештачки камен и бетонски блокови, црвена и силикатна тула, производство на керамички и огноотпорни материјали, елеватори за цемент и други прашливи градежни материјали, производство на порцелан и фајанс, добивање камен без експлозив и обработка на природен камен, производство на гипсани предмети, производство на градежни материјали од слама, струготини, трска итн., производство на глинени производи; од индустриските гранки за обработка на дрво дозволено е производство на дрвена волна, пилани, производство на шперплочи, столарски работилници и производство на стандардни блок зидови, коларски работилници, производство на иглолисно-витаминско брашно, хлорофил, картонска паста, иглолисен екстракт, производство на предмети од дрвена волна: дрвено-рендисани плочи, цементно-фитролидни плочи и сл., ткаење на лика и рогозина, производство на мебел, паркет и сл., производство на буриња од готови штици, конзервирање на дрво со соли и со водени раствори (без соли на арсен), со премачкување; од текстилната индустрија се дозволува производството на предено и ткаенини од памук, лен, и волна без погони за белење и боење, трикотажа и тантеларници; од областа на

производи од животинско потекло се забрануваат сите пет класи; од видовите производство и обработка на храна и зачини се дозволуваат обори и штали за добиток согласно дефинирани стандарди, кланици од помал обем, мелници, лупење зрна триерирање на жито, подготвување на прекрупа и комбинирана храна, пржење кафе, преработка на зеленчук и овошје (сушење, солење и конзервирање зеленжук и овошје), производство на кашкавал, сирење, конзервирање на риба и филети од риба, производство на скроб (преработка на компири), производство на скроб од пченка и патока (сируп), производство на слад, пиво и квасец, конзервирање (овошје, зеленчук и зеленчук-месо, магацин за зеленчук и овошје, производство на макарони, чадење на риба, млекарници и изработка на путер, производство на сувомесни производи, слаткарници и производство на слатки, индустриско производство на леб (пекари), производство на готова храна, производство на трпезен оцет, ладилници, производство на алкохол и алкохол за вињак. При издавање на услови за градба, за секој новопредвиден индустриски објект од наведените дејности, или сродни на нив, неопходно е превземање соодветни мерки за заштита на животната средина за сите капацитети согласно Законот за животната средина.

Во однос на развојот и преструктуирањето на економијата на овој простор, може да се посочи како определба и поттикнувањето и искористувањето на секоја можност за прифаќање на нови, пропулзивни индустриски гранки, засновани на новите научно - технички достигнувања.

Кон натамошно спроведување на планот во одделните сегменти на просторниот развој, во доменот на насочувањето и организацијата на територијата на Првата и Втората заштитна зона на изворот Рашче се истакнува следното:

- Развојот на индустријата ќе биде насочуван кон примена на современи технолошки решенија и постојан мониторинг на индустриското производство;
- **Со концептот на Регионалниот план се предвидува развој на стопанските активности преку концентрација на капацитетите во дефинирани локалитети, наместо нивно дисперзирање низ просторот. Оваа определба базира на изразитата хидрогеолошка чувствителност на регионот на заштитните зони, потребата од заштита на подземните води и заштита на обработливото земјиште, како необновлив ресурс.**
- Имајќи ја предвид просторната дисперзија на населбите, гравитационите влијанија и комуникациската поврзаност, со Регионалниот просторен план се предвидуваат две стопански зони кои се наведени во областа на Економските основи на просторниот развој.
- Индустријата која е значајна стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија со своите активности влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.

Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и

окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-4 -** (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2 -** (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)

- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-402** - (Сарај -врска со М4-Групчин-Тетово-Пирок-Гостивар-врска со М-4 и Р-404)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој регионален патен правец велгува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1206** - (Клучка Матка-врска со А2-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште-Гостивар-врска со А2)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Комуникациска мрежа: Стратешка ориентација на Р.Македонија е развој на транспортен сектор кој ќе биде одржлив, интегриран во европските системи и кој ќе го подржува и поттикнува нејзиниот економски и просторен развој. Со развој на разните видови на телекомуникациска инфраструктура се постигнува поголема интеграција на Р.Македонија, стопански и културен развој и поврзаност со соседните држави.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Телекомуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Тетово.

Мобилна телефонија: Кориснички компании за мобилна телефонија во Р. Македонија се Т-Мобиле и ОНЕ.ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот;
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на мобилна телефонија на двете компании.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со изработка на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино, и имплементација на параметрите за уредување на просторот ќе се обезбеди:

- Рационално и ефикасно користење на градежното земјиште и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина, како и површината на предвиденото проширување;
- Ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на населбата со комунална инфраструктура и неопходните функционални содржини;
- Стимулација на населението за траен опстанок во матичната средина преку целосна афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето и се создава неопходна социјална и економска сигурност;
- Се запазуваат и афирмираат културните и природните посебности и вредности и се запазува квалитетот на животната средина во селските подрачја.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Со Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче направена е анализа на територијата на Првата и Втората поширока заштитна зона на изворот, при што со анализа на природните фактори опфатен е просторот на целокупното сливно подрачје. **Предметната локација, навлегува во сите три заштитни зони на изворот Рашче, поради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерки за заштита.**

На подрачјето, емисијата на загадувачките материи во воздухот, се должи на отпадните гасови од индустриското производство и сообраќајот. Поради тоа што не се врши мониторинг на емисиите на отпадни гасови од поединечните извори на загадување, отежната е проценката на реалната

состојба и истовремено се наметнува потребата од интегрирање на компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Потребно е да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Да се уреди околниот простор со зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Загадувањето на водите во Полошката Котлина е последица на ерозивните процеси, преку кои се внесуваат големи количини на минерали и органски материи, испуштање на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, земјоделието (полјоделството и сточарството), присуство на неуредени и диви депонии. Од проценетиот квалитет на водите во Вардар, е утврдено перманентно отстапување од пропишаниот квалитет, особено по вливот на комуналните и индустриските отпадни води од Тетово, што се одразува на податоците за квалитетот на водата на мерните места.

Низ планскиот опфат поминува реката Вардар, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита.

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води, пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина, потребно е да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата.

Неопходно е спроведување на организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот план за село треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со

инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина која е предмет на анализа **има** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Бело Поле", Желино, антички, византиски период и среден век*
2. *Археолошки локалитет "Грамаќе", Желино, римски период*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, се евидентирани следните локалитети:

КО Желино – *Бело Поле,* наслеба од неолитското и римското време и средниот век која се наоѓа северозападно од селото на десниот брег на реката Вардар. *Градиште,* наслеба од бронзеното време и доцноантичкото време над селото на зарамнетото плато. *Грамаќе,* населба од доцноантичкото време на околу 2 km северно од селото.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Шарско-Полошкиот туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија” број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата. Обврска за изградба на засолништа за дополнителна заштита имаат инвеститорите на станбени и станбено деловни објекти.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со

доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Тетово.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална

намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;

- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или

ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се издаваат за потребата од изработка на Урбанистички план за село Желино, општина Желино. Површината на планскиот опфат изнесува 476,351 ha. Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Низ планскиот опфат поминуваат трасите на два оптички кабли за кои се издадени услови за планирање на просторот со технички број Y07705 и Y32107 и трасата на водовод за кој се издадени услови за планирање на просторот со технички број Y26913.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**.

Економски основи на просторниот развој

- **Ораганизацијата, намената, видот и обемот на производсвото и негово соодветно алоцирање, се насочува кон обезбедување на економски просперитет на подрачјето на заштитените зони, преку примена на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори.**
- **При изработката и реализацијата на Урбанистичкиот план за селото, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија" и "Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче" треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој особено превентивна примена на стандардите за заштита на животната средина и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз овој значаен простор.**
- Имајќи ја предвид просторната дисперзија на населбите, гравитационите влијанија и комуникациона поврзаност, со "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче" се предвидува формирање на две стопански зони и тоа:
  - За населбите Рашче, Радуша, Дворце, Бојане и Копаница, се дефинира локација на стопанска зона надвор од Првата заштитна зона (многу загрозената издан на Жеденскиот масив), во атарот на населбата Љубин (општина Сарај), на општествано земјиште.
  - За населбите Требош, Жилче, Ратае, Сиричино, Шемшово, Озормиште, Прељубиште, Копанце, Јанчиште, Подбреѓе и Јегуновце, се предвидува организација на стопанска зона во кругот на ХЕК Југохром, како и на локацијата на депонијата.
- Увидот во намената, капацитетите, прометот со опасни материи, комуналната опременост, третманот на отпадоците, на постојните изградени стопански капацитети ќе се врши на ниво што соодветствува

на загрозеноста на квалитетот на подземните води. Во планскиот период **една од приоритетните задачи ќе биде формирање на централен мониторинг за овие состојби, заради превземање на оптимални мерки за санирање на проблемите со загадувањето на подземните води во регионот.**

- **При изработката и реализацијата на Урбанистичкиот план за с. Желино во општина Желино, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија" и "Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче" треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој особено превентивна примена на стандардите за заштита на животната средина и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз овој значаен простор.**
- Согласно утврдениот режим за користење на земјиштето и ресурсите на целиот простор на Првата заштитна зона се забранува изградба на бензински пумпи; за погоните за индустриско производство и складиштата задолжително да се изработат еколошки елаборати и да се изведат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води (прописно изведени дво-коморни бетонски септици).
- Во Втората заштитна зона на Изворот, за погоните за индустриско производство и складиштата задолжително да се изработат еколошки елаборати и да се изведат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води (прописно изведени дво-коморни бетонски септици); се налага перманентна контрола на постојни бензински пумпи (контрола на притисок на вентилите во резервоарите и исправност на мрежата); за новопредвидени бензински пумпи ќе се издаваат посебни дозволи од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина од 476,351 ha на планскиот опфат на селото.**
- **При изработката на Урбанистичкиот план за селото треба да се има во предвид дека предложениот плански опфат граничи со планскиот опфат на селото Стримница за кое се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У21713. Исто така, во близина на планскиот опфат се наоѓа локација со стопански комплекс за кој се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У20115 и планскиот опфат на селото Сараќино за кое се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. 04105. Наведената забелешка има за цел да се согледа компатибилноста на намената на просторот на соседните локации и локациите кои се наоѓаат во близина.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е **поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.**

Предметната локација припаѓа на **западниот земјоделско стопански реон** со 7 микрореони.

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното огрни чување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- **Во рамките на заштитните зони на изворот Рашче во доменот на полјоделството и сточарството потребно е да се имплементираат специфичните мерки дефинирани со "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче.**

Шуми и шумско земјиште

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се оствари оптимална корист од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.
- **Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино** навлегува во сите три заштитни зони на изворот Рашче. Согласно "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче" за третата зона не се спроведува режим на заштита, освен што се дефинира **мониторинг** според претходно утврдена програма, додека првата и втората заштитна зона за која е утврден Втор степен на заштита **подразбира примена на следните мерки во областа на шумарството:**
  - **Пошумување на заштитните зони на изворниците за водоснабдување.**
  - **Одржување на шумите во земјоделското земјиште.**
  - **Пошумување на ветрозаштитни појаси.**
  - **Стабилизирање на речни брегови за заштита од поплави и ерозија.**
  - **Заштита на шумите од пожари преку подигање на појаси од пирофитни растенија.**
  - **Подобрување на квалитетот на шумите со преведување на нискостеблените во високостеблени, со акцент на Првата заштитна зона.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост $Q_{ср/год}$=4,15 m^3/s. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

- Врз основа на "Експертиза за одредување на заштитните зони на изворот Рашче" донесена е "Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита" ("Службен весник на СРМ" бр. 36/1990) со која се утврдени три заштитни зони: прва зона (зона на санитарно ограничување), втора зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) и трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување);
- **Планскиот опфат на селото Желино зафаќа простор во сите три заштитни зони. Ви сите три зони дефиниран е режимот на користење на земјиштето.**
- **Во првата заштитна зона на изворот (зона на санитарно ограничување) се забранува:**
  - **Градење на објекти и изведување на работи, експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности на земјиштето, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;**
  - **Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;**
  - **Изградба на фарми за стока и живина;**
  - **Неконтролиран транспорт, складирање и користење на течности кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви (нафта и нејзини деривати, токсични материи и друго);**
  - **Испуштање или складирање на масла, токсични и радиоактивни материи;**
  - **Депонирање на отпадни материи и смет;**
  - **Кампирање и друг вид на организирано задржување на луѓе.**
- **Во првата заштитна зона на изворот Рашче е задолжително:**
  - **Пречистување на отпадните води. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување;**
  - **Перманентна контрола на постојни бензински пумпи;**
  - **Регулација на р. Вардар на делници загрозени од плавење;**
  - **Санирање на деградирани површини од екплоатација на песок и чакал на речните брегови;**
  - **Одржување на крајбрежна вегетација за заштита од ерозивен нанос.**
  - **Во оваа зона може да се врши пошумување.**
  - **Обработката на земјоделското земјиште на досега освоените површини и примена на природно и вештачко ѓубриво, како и употреба на хемиски средства за заштита на растенијата може да се врши само со посебно одобрение и упатство од органот на управата надлежен за работите во земјоделството, шумарството и водостопанството.**
  - **Во постојните селски населби во оваа зона може да се врши екстензивно сточарење, ратарење и други функции и изградба на објекти само во согласност со урбанистички планови изработени според критериумите кои ги налага оваа зона.**

- **Во втората заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење)на изворот се забранува:**
  - **Експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;**
  - **Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;**
  - **Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството на водите и режимот на површинските и подземните води;**
  - **Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;**
  - **Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;**
  - **Испуштање на непречистени отпадни води во водотеци и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија.**
  - **Во оваа зона се дозволува пошумување и користење на земјиштето за земјоделско производство со примена на вештачки и природни ѓубрива и употреба на хемиски заштитни средства кои не содржат неразградливи отровни и штетни материи.**
- **Во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) се налага:**
  - **Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат квантитетот, квалитетот и режимот на површинските и подземните води;**
  - **Примена на пропишани услови за испуштањето на отпадните води во отворени водотеци од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел на сливот на реката Варда низводно од Гостивар.**
- **При користење на земјиштето во сливното подрачје на реката Вардар, спротиводно од изворот Рашче, кое може да има негативно влијание врз животната средина, да се направи проценка на потребата од утврдување на влијанијата врз животната средина.**

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Постојниот преносен 110kV вод Полог-Тетово-Скопје1 минува низ планскиот опфат на с. Желино заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува “Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електро-енергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV”.
- Планскиот опфат на с. Желино нема конфликтни точки со останатите постојни и планирани енергетски водови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Посебните мерки и насоки за просторен развој на населбите во ПП на заштитните зони на изворот Рашче предвидуваат, формирање на**

систем на населени места составен од две нивоа, и тоа општински центри од I ниво и останати населби II ниво. Секоја од населбите е функционално опремена во зависност од нивото во кое припаѓа.

- **Селото Желино општина Желино спаѓа во групата на населби од I ниво (општински центар) и во доменот на функционална опременост ќе располога со поголемо ниво на опременост со јавни функции од областа на (јавната администрација и управа, образование здравство, социјална заштита, култура, спорт и рекреација) од останатите населби опфатени со ПП на заштитните зони на изворот Рашче.**
- Посебните мерки и насоки во доменот на просторниот- физичкиот развој на населбите согласно ПП Рашче се препорачува**:**
  - Поефикасно да се искористува градежното земјиште во постојните граници на градежниот опфат, преку зголемен степен на изграденост и густина на населеност;
  - Урбанистичката документација за развој на населбите мора да содржи и детално разработени мерки и конкретни плански решенија за заштита на животната средина и заштита на подземни води од загадување;
  - Сите населени места да бидат комунално уредени и екипирани во доменот на сообраќајот, јавните површини, изградбата на современа комунална инфраструктура- водоснабдителна и канализациона (фекална и атмосферска) мрежа со пречистителни станици со целосна опфатеност на станбените и деловни објекти;
  - Да се елиминира цврстиот отпад со отстранување на депониите од населените места и од севкупното заштитено подрачје на изворот „Рашче“.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за УП за с. Желино, општина Желино, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 2 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно Просторниот план на Р. Македонија и ПП на регионот на заштитните зони на изворот Рашче, под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.
- **Согласно ПП на заштитните зони на изворот Рашче и врз основа на хиерархиската поделба на населбите село Желино, општина Желино**

припаѓа во групата на населби од I ниво односно во категоријата на општински центри.

- **Центрите од I ниво во кое спаѓа село Желино, општина Желино треба да располагаат со следната содржина на јавни функции:**
  - основно училиште (деветолетка) за сите населби и по потреба и училиште за средно образование;
  - од примарна здравствена заштита задолжително е здравствена станица и аптеки како комплементарни служби;
  - предучилишни установи(детски градинки и јасли) и социјални институции и служби;
  - библиотеки;
  - дом на културата, сценско музички дејности (пожелно е доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината).
  - отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
  - покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Индустрија

- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и **поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- Во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- Согласно определбите на “Просторен план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче” идниот развој на производните и услужни дејности се предвидува да се остварува преку концентрација на капацитетите во дефинирани локалитети, наместо нивно дисперзирање низ просторот. Оваа определба базира на изразената хидрогеолошка чувствителност на регионот на заштитните зони и потребата од заштита на подземните води и заштита на обработливото земјиште, како необновлив ресурс.
- Имајќи ја предвид просторната дисперзија на населбите, гравитационите влијанија и комуникациската поврзаност, со Регионалниот просторен план се предвидуваат две стопански зони кои се наведени во областа на Економските основи на просторниот развој.
- **Основен критериум за видот на производството ќе биде квалитетот и структурата на користените горива и видот на предложената технологија. Во таа насока се детерминираат одредени видови производство наведени во интрградниот текст во областа "Индустрија".**
- Во рамки на Првата и Втората заштитна зона на изворот Рашче се посочува примена на одредени производни и преработувачки дејности што се во согласност со Законот за животната средина и Концептот на стопански развој утврден со **“Просторен план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче”.**

- Развојот на индустријата ќе биде насочуван кон примена на современи технолошки решенија и постојан мониторинг на индустриското производство.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР – Блаце – Скопје – Тетово – Кичево – Требеништа - Охрид-Битола – Меџитлија - ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ

  М-4 - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1)
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан)
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Комуникациска мрежа

- Планскиот опфат на с.Желино, општина Желино, нема конфликтни точки со постојните и планирани комуникациски водови.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Желино, општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- **Предметната локација, навлегува во сите три заштитни зони на изворот Рашче, поради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерки за заштита.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се уреди околниот простор со зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

- Низ планскиот опфат поминува реката Вардар, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води, и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Желино, општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација припаѓа на Шарско-Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:


Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

Образование
Средно Вишо Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој
источна
јужна
север-југ
северна
западна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23


Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1159/2
Дата/Data: 12-03-2026

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Желино се издаваат Услови за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино.

Површината на планскиот опфат изнесува 0.9 Ха.
Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село Желино, Општина Желиво со тех.бр. Y14716.
Планскиот опфат навлегува во II заштитна зона на изворот Рашче.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

AKTVENDIM
për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim komunës së Zhelinës, i lëshohen Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës.

Sipërfaqja e përfshirë në planifikim është 0.9 Ha.

Zona e planifikimit kufizohet me zonën e planifikimit për të cilën janë lëshuar Kushtet për planifikimin e hapësirës për hartimin e planit urbanistik për fshatin Zhelinë, Komuna e Zhelinës, me nr. teknik U14716.
Zona e planifikimit shtrihet brenda zonës së dytë mbrojtëse të burimit Rashçe.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin e hapësirës, vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, konform Planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 603
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y49824 се составен дел на Решението.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U49824 janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime, zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Планскиот опфат зафаќа земјиште 7-та бонитетна класа.

4. Një nga prioritetet kryesore të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jo-bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.
Sipërfaqja e planifikuar mbulon tokë bujqësore të klasës së bonitetit të 7-të.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град,

6. Gjatë marjes së vendimit për zbatimin ose vendimit për mos zbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për sipërfaqen në fjalë me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, është e detyrueshme të

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Желино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Желино, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 66584 од 25.11.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино.

Површината на планскиот опфат изнесува 0.9 Ха.

Согласно член 42, став (8) од истоименот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 1159/1 од 11.03.2025 година.

Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

merren parasysh udhëzimet për nevojën e hartimit të Raportit për Vlerësim Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzat të fushave përkatëse të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ARSYETIM

Komunës së Zhelinës, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me numër të procedurës UPP 66584 od 25.11.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e kushteve për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës

Sipërfaqja e përfshirë në planifikim është 0.9 Ha.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15 1159/1 nga 11.03.2025.

Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.
Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

Vërejtjet përfundimtare, të përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përbëjnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Në bazë të asaj që u përmend më lartë, u vendos si në dispozitiv të këtij Aktvendimi.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 1 дена од приемот на решението.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Raif Sulejmani, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дејан Гаџовски, раководител на одделение / udhëheqës njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqës sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror

Согласен / Me pëlqim të:
Husamet Agushovski, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Nedim Rama, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 408
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

СО НАМЕНА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СКЛАДИШТА, ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ-МАГАЦИНСКИ ПРОСТОР НА ДЕЛ ОД КП 571/1, КО ЖЕЛИНО ВОН ГР, ОПШТИНА ЖЕЛИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y49824

Скопје, март 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

СО НАМЕНА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СКЛАДИШТА, ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ-МАГАЦИНСКИ ПРОСТОР НА ДЕЛ ОД КП 571/1, КО ЖЕЛИНО ВОН ГР, ОПШТИНА ЖЕЛИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Желино

Тех.бр. Y49824

Раководител на задачата:
Александар Ивановски, д.и.а.
/ Планер урбанист /

Aleksandar Ivanovski
Digitally signed by Aleksandar Ivanovski
Date: 2025.03.10 09:29:16 +01'00'

Контролирал:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.
/ Раководител на сектор за просторно планирање /

Dushica Trpchevska Angjelkovikj
Digitally signed by Dushica Trpchevska Angjelkovikj
Date: 2025.03.10 14:07:03 +01'00'

Агенција за планирање на просторот

Директор

Aleksandar Gelevski
Digitally signed by Aleksandar Gelevski
Date: 2025.03.10 14:21:02 +01'00'

Александар Гелевски, д.и.а.

Скопје, март 2025

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена специјализирани складишта,
дистрибутивни центри-магацински простор
на дел од КП 571/1, КО Желино вон гр,

ОПШТИНА ЖЕЛИНО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.**

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со *урбанистички планови за населените*

места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава *Решение за Услови за планирање на просторот.*

Условите за планирање на просторот се со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон гр, Општина Желино.

- **Површината на планскиот опфат изнесува 0,9 ha.**
- **Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино со тех.бр Y14716.**

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Планскиот опфат навлегува во II заштитна зона на изворот Рашче.

Во 2003 година, Собранието на Република Македонија го усвои **Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**, како регионален план преку кој се спроведува, односно имплементира Просторниот план на Републиката.

Изворот Рашче, кој се наоѓа на 17 km западно од Скопје, е значаен за водоснабдување на градот Скопје и околните населби. Од вкупниот број на жители во градските и приградските населби, од градската водоводна мрежа, односно од изворот Рашче се водоснабдуваат 84%.

Специфичната геолошка, геоморфолошка и хидрогеолошка структура во пределот на подрачјето што претставува зона на хранење на изворот Рашче, овозможува подземно акумулирање на карстна издан и создава природен феномен со особена вредност и општествено значење. Врз основа на анализите на билансот на водите во Полог и изворот Рашче, извршени во период од 1969 - 1973 год. утврдена е директна зависност на порастот на водите во басенот на изворот од атмосферските врнежи, протоците на река Вардар на потегот од водомерната станица во с. Раотинци до водомерната станица во с. Јегуновце и од протоците на Шарските притоки на р. Вардар.

Врз основа на Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), утврдени се четири заштитни зони:

Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) која го опфаќа изворот Рашче со каптажите 1 и 2, потоа водозафатните објекти со сите придружни објекти, дренажни галерии, електро опрема, бетонска комора, пумпна станица, бетонски канал за одведување за вишокот на вода, канал за дренирање на површинските води како и објект за надлежен чувар во период од 24 часа во текот на денот. Зоната е прописно уредена и оградена со заштитна жичана ограда прицврстена за бетонски столбови во сите правци околу зафатот на изворот "Рашче";

Прва поширока заштитна зона го опфаќа подрачјето на Долен Полог, кое е во непосредна врска со масивот Жеден;

Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување) го опфаќа просторот на Долен Полог од каде се врши активно прихранување на Жеденската акумулација, ја опфаќа Дервенска клисура и ободот на Скопска котлина, движејќи се низ сливното подрачје на изворот;

Трета заштитна зона (зона на хигиенско - епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа просторот на поширокото сливно подрачје, од билото на Шар Планина, движејќи се по државната граница, преку Вардар и ободот на Скопската котлина, по билото на Сува Гора, делови на Бистра, Ничпурска планина, преку Враца и Рудока, повторно до Шар Планина.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитените зони на изворот Рашче.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија


Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции*, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство *и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.*

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на *унапредувањето и заштитата на животната средина.* Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




0 0.15 0.3 0.6 Km

1:10,000

Општинска граница

Катастарска граница

УП за село Желино-Y14716



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Условите за планирање на просторот се во КО Желино вон гр, Општина Желино. Предметната локација се наоѓа североисточно од населено место Желино на надморска височина од 410-440 метри.

Климата во ова подрачје е умерено континентална, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите се ретка појава.

Ветровите дуваат преку целата година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6m/sek. Честотата е најголема од север со 220‰, северозапад со 76‰ и североисток со 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,8^{0}C, со просечен годишен минимум од 4,9^{0}C и просечен годишен максимум 16.7^{0}C. Мразниот период во просек трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем со зголемување на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3 mm врнежи. Во текот на годината во просек има 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

Полошка Котлина - Се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден. Се протега во правец североисток-југозапад, а е поделена на Горни Полог - гостиварскиот дел и Долни Полог - тетовскиот дел. Котлината зафаќа вкупна површина од 1475km^2 и се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747m. Само рамнинскиот дел зафаќа површина од 33200ha и се простира меѓу 400 и 600m надморска височина, односно има просечна надморска височина од 500m. Полошката котлина е затворена од сите страни, со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската Котлина.

Според настанувањето таа е тектонска потолина која во олигомиоценот се спуштила по должината на раседите под Шар Планина и оние под Сува Гора и Жеден. Кон котлинското дно планините се спуштаат со стрмни отсеци.

Појавите на езерски глини кај с. Желино и езерските тераси како Балтепе над Тетово и оние кај Сараќинце и Желино зборуваат за езерската фаза низ која поминала Полошката Котлина. По истекувањето на Полошкото Езеро започнала флувијалната фаза за време на која Вардар го издлабил своето корито. Истовремено своите корита ги издлабиле и неговите шарски притоки, натрупувајќи го речниот нанос во вид на пространи брановидни плавини по целото подножје на Шар Планина.

Основниот почвен тип во Полошката Котлина се делувијалните почви. Тие зафаќаат површина од 24500ha. Генетски тоа се млади почви и секоја година се обновуваат со наноси од пороите и рекичките. Го покриваат целиот западен и северозападен дел од котлинското дно, а на места се протегаат по целата површина на Полог допирајќи се до текот на Вардар. На овој тип почви со голем успех се одгледуваат овошните дрвја (посебно јаболки), виновата лоза, градинарските култури (посебно пиперки и зелка), житата и тутунот .

Црвениците кои генетски се најстар тип на почва зафаќаат површина од околу 4000ha и се распространети во атарите на селата Здуње, Дебреше, Врапчиште, Долно Палчиште и други. Во североисточниот дел од котлината во атарот на с. Нераште на овој тип почва мошне добро успева и се одгледува тутунот и виновата лоза.

Од двете страни по течението на реката Вардар низ Полошката Котлина, во близина на речното корито се простираат алувијалните почви. Зафаќаат површина од 3620ha и поради излевањето на водата често се пренапластуваат. На овој тип почва успешно се одгледуваат пченка, грав, шеќерна репка, крмни растенија и бели жита.

Во аграрен поглед, Полошката Котлина е поделена на три реони. Првиот ги зафаќа најниските падини на Шар Планина и дел од Полошката рамнина. Се протега на простор од околу 20000ha, а се специјализирал за градинарско производство и овоштарство. Овде се прочуени пиперките од Речица, кромидот од Бањица и гравот од Палчиште. На падините на Шар Планина на надморска височина од 600 до 800m се јавуваат густи природни комплекси на костени и ореви. Вториот реон е изразито рамничарски и се протега низ целата котлина од левата страна на Вардар. Зафаќа површина од околу 11000ha. Тоа е житарско-овоштарски и сточарски реон. Се одгледуваат пченка, пченица, крмни растенија и јаболка. Третиот реон ги зафаќа површините од десната страна на р. Вардар, се до подножјето на Сува Гора и Жеден. Овде обработливите површини се ограничени и зафаќаат околу 2500ha. На нив главно се одгледува тутун и винова лоза.

Податоците се од мерната станица во Тетово.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на *економскиот развој* во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со развојот на економијата и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Тетово

со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките, потоа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Северната развојна оска" која се формирала по Втората светска војна до денес, во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Крива Паланка - Куманово - Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Охрид - Струга. Во современите промени, оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил – Р Бугарија и на запад кон Елбасан – Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, *заштита на природните и создадени ресурси и богатства*, сообраќајно и информатичко поврзување, *локациона флексибилност* и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на документацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон град, Општина Желино ќе биде во функција на развој на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Ускладување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните услови и ограничувања и пренамена на дел од земјоделското во шумско земјиште, односно пошумување и затревнување на дел од ораничните површини со ниска катастарска класа;
- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели, особено во градските окружувања;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на бонитетната структура на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Создавање на услови за перманентно зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Република Македонија е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.

Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на подрачјето на Втората заштитна зона на изворот Рашче во рамки на која согласно "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче" е утврден Втор степен на заштита во која се применуваат следните мерки:

- Забрана за користење на ѓубриња од 15 октомври до 15 март за оранци и од 15 ноември до 15 март за зелени површини.
- Употреба исклучиво на пестициди со време на распаѓање од 30 дена.
- Забрана за користење на пестицидите: Aldrin, Hlordan, Dieldrin, D-Di-Ti, Enrin, Heptahlor, Mireks, Toksafen, Heksahlorobenzol.
- Користење на податоци од постојни климатолошки станици во Јегуновце, за оптимизација на употреба на пестициди.
- Обработка на земјата со "no tillage" техника (орање без превртување).

- Спречување на дренажа на води од обработливи површини во р. Вардар.
- Намалување на површините под оранници, за сметка на зголемувањето на зелени површини (ливади, пасишта, затревени трајни насади).
- Определување на пробни парцели за следење на резултатите од примена на мерките.
- Мониторинг на квалитет на почва.
- Следење на азотот, фосфорот и пестицидите на постојните хидрометриски профили.
- Пречистување на отпадни води од стаи за добиток со капацитет поголем од нормата 3.5 условни грла/ха.
- Складирање на отпад од фармите на уредени локации (примена на фолии и др. вид на површински бариери).
- Забрана за депонирање на угинат добиток во зоната.
- Санирање на локацијата каде е депониран заболен добиток, југозападно од с. Рашче.
- Контрола на спроведувањето на мерките.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Во развојот на *водостопанството и водостопанската инфраструктура* мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата како природното богатство на земјата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како „ресурс" ја има многу помалку од „присутните води".

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина

Желино, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил „Радуша". На ВП „Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово".

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост Qср/год=4,15м3/сек. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

За заштита на изворштето Рашче донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (сл.весник на РСМ бр. 3/21), каде се дефинирани четири заштитни зони:


- Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор)
- Прва поширока заштитна зона;
- Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување);
- Трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување);

Локацијата на складиштата се наоѓа во втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување) на изворот Рашче.

Во втората заштитна зона на изворот се забранува:

- Испуштање на непречистени комунални, индустриски и атмосферски води;
- Експлоатација (вадење) на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности со кои се продлабочува или оштетува речното корито и бреговите на површинските водотеци, освен во функција на подобрување на режимот на водите и заштита од штетното дејство на водите, со обезбедување на дозвола/водостопанска согласност од надлежен орган;
- Неконтролиран транспорт на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- Складирање на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- Депонирање, складирање и расфрлање на цврст, градежен, комунален и друг вид на отпад, смет, надвор од организирани и уредени депонии;
- Депонирање на индустриски, рударски и металуршки отпад;
- Намалување на горниот заштитен слој на почвата освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвдена забрана на овие мерки;
- Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- Изведба на бунари за експлоатација на подземна вода освен: бунари за јавно водоснабдување и бунари за климатизација на објектите со целосно враќање на водата. За изведба на горенаведените бунари потребно е да се обезбеди дозвола од надлежното министерство;

Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче



граница на 1-ва потесна з.з. на изворот Рашче

граница на 1-ва поширока з.з. на изворот Рашче

граница на 2-ра з.з. на изворот Рашче

граница на 3-та з.з. на изворот Рашче

- Изградба на нови индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, а постоечките да ги почитуваат меркита за заштита предвидени со добиените А или Б интегрирани еколошки дозволи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во површински водотеци или наводнување на обработливо замјоделско земјиште со истите. Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериуми за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- Користење на минерални ѓубрива, пестициди, хербициди, фунгициди и сл;
- Други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води

При обезбедувањето на потребните количини на вода за складиштата, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално и економично користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинираат нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;

Почитување на „Одлука за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита", односно квалитетот на отпадните води пред да се испуштат во реципиентот да одговара на II класа во согласност со критериумите дадени во законските прописи и други плански акти.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на *енергетиката и енергетската инфраструктура* со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино нема конфликт со постојните и планирани дистрибутивни и преносни водови. Така **постојниот 110kV далновод Скопје 1 - Југохром минува на 1,9km северозападно од оваа локација.**

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во државата. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во државата и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата на планираниот гасовод од делницата-5 минува на 5,7km јужно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на *населението*.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека *популацискатa политика преку систем на мерки и активности* треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне *оптималиација во користењето на просторот и ресурсите*, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република С.Македонија.

Во планскиот период развојот на населените места во заштитните зони на изворот на Рашче (ПП Рашче) ќе се одвива со примена на општи и посебни мерки и насоки за развој.

Категорија на општи мерки и насоки предвидува:

- Изработка на просторно-планска документација за населените места за кои не е донесена, односно ревизија на постојана плансака документација;
- Целосно усогласување на планската документација на населените места со насоките и поставките на планот од повисоко ниво-Просторен план на заштитните зони на изворот Рашче (ПП „Рашче“);
- Контролиран просторно-физички развој на населените место и ограничување на проширувањето на градежниот опфат надвор од постојните границ;

- Зголемување на ефикасноста во користењето на гардежното земјиште преку зголемување на просечната густина на населението и степен на искористеност на локациите;
- Примена на современи принципи во комуналното уредување и целосно екипирање на населените места со водоводна и канализациона мрежа;
- Примена на современи системи за елиминирање на цврст отпад со целосно елеминирање на депониите;
- Мониторинг на состојбата и функционирањето на стопански зони и стопанските капацитети (мини фарми, производни погони и др.) во населените места;
- Организација на сообраќајот и сообраќајниот систем во и надвор од населените места во согласност со заштитата на подземни води.

Категоријата на посебни мерки и насоки за просторен развој на населбите предвидуваат:

Формирање на систем на населени места составен од две нивоа, и тоа општински центри од I ниво и останати населби II ниво. Секоја од населбите е функционално опремена во зависност од нивото во кое припаѓа согласно ПП на заштитните зони на изворот Рашче. Предметната локација се наоѓа во атарите на населбите од I ниво и за истата важат посебните мерки за ова ниво на населби:

Локацијата наменета за изградба на специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, се наоѓа во II (втора) заштитна зона на изворот и би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, зголемено ниво на функционална и комунална опременост, сето тоа базирано врз принципите на одржив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Домување

Од неколкуте основни функции во населбите, *домувањето* е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови центри на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги

лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

Во тој контекст планскиот опфат со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

Организацијата на *јавните функции*, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Развојот на стопанството и мрежата на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита*. Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

Планскиот опфат со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на *индустријата* претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на

индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; *пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии;* зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализиран развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустриските сектор.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на Република Македонија е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор КО Желино вон град, Општина Желино, се следните:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување

на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку *системот за сообраќај и врски* врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта *"Е"* ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: *Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.*

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Мецитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- М-4 - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат *регионалните патишта*, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:

- **Р2242** - (Желино-врска со А2-Јегуновце-врска со Р2234);

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на *железничкиот систем* базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР..... 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје .....31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово.....84,7 km

– АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонска централа за Општината Желино.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз *животната средина*, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина на просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Со Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче направена е анализа на територијата на Првата и Втората поширока заштитна зона на изворот, при што со анализа на природните фактори опфатен е просторот на целокупното сливно подрачје. Предметната локација, се наоѓа во II заштитна зона на изворот Рашче.

На подрачјето, емисијата на загадувачките материи во воздухот, се должи на отпадните гасови од индустриското производство и сообраќајот. Во споредба со градовите што се сметаат за средини со најлош квалитет на воздухот во Републиката, Тетово има најголеми количества на емитирана прашина, додека

количествата на емитиран CO_2 се помали од Битола и Скопје, а поголеми од Велес. Поради тоа што не се врши мониторинг на емисиите на отпадни гасови од поединечните извори на загадување, отежната е проценката на реалната состојба и истовремено се наметнува потребата од интегрирање на компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Потребно е да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Да се уреди околниот простор со зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи. Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Загадувањето на водите во Полошката котлина е последица на ерозивните процеси, преку кои се внесуваат големи количини на минерали и органски материи, испуштање на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, земјоделието (полјоделството и сточарството), присуство на неуредени и диви депонии. Од проценетиот квалитет на водите во Вардар, е утврдено перманентно отстапување од пропишаниот квалитет, особено по вливот на комуналните и индустриските отпадни води од Тетово, што се одразува на податоците за квалитетот на водата на мерното место Сарајкино. Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена, и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на природните ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот и одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.

Со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина, потребно е да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата.

Неопходно е организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на *заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, документацијата на

предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно законската регулатива од областа на заштита на природата и подзаконските акти донесени врз нивна основа, потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство:

Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето миленијумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на *недвижното културно наследство* е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Желино кое е предмет на анализа има регистриран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат):

- *Мост на река Вардар, Желино, турски период;*

На подрачјето на катастарската општина Желино, има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

- *Археолошки локалитет "Бело Поле", Желино, неолит, антички, византиски период и среден век;*
- *Археолошки локалитет "Градиште", Желино, праисторија и римски период;*
- *Археолошки локалитет "Грамаѓе", Желино, римски период;*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина евидентирани се следните локалитети:

КО Желино – *Бело Поле,* населба од неолит, од римско време и од среден век, *Градиште,* населба од бронзено и од доцноантичко време, *Грамаѓе,* населба од доцноантичко време.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или поширокиите подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат

[1] **МАНУ Скопје, 1996г.**

нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Република С.Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Република С.Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Шарско - Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор којшто има регионално туристичко значење.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за условите за планирање на просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.

Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра. Согласно со Законот за заштита и спасување, *задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.*

Согласно Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.**

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и пошироко околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање *на заштитата од природни и елементарни катастрофи* во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за *заштита од пожари*, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Тетово.

Да се почитуваат одредбите од Законот за пожарникарството, во кои се регулира дејствувањето на територијалните противпожарни единици при гаснењето на големи пожари на целата територија на Републиката.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;

- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од пороjните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на *град, луњени ветрови и магли.*

Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, се наоѓа во **потенцијална зона на ликвифација.**

Ликвифацијата, претставуваат доминантен колатерален хазард на кои, територијата на Државата, а со тоа и предметната локација, може да бидат изложени во сеизмички услови. Од геотехнички аспект, овие хазарди се релативно плитки феномени кои настануваат во случај кога динамичката јакост на површинските почвени материјали е надмината, или во случај на пореметување на лабилните стенски блокови и изолирани карпи.

Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на ликвифација, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно **законската регулатива**

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загроженост од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;

- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е *Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС* (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата на предметниот простор може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции,

односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- На просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Предметната локација се наоѓа во II заштитна зона на изворот Рашче. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура, заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот простор нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат

соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.

- Со имплементацијата на документацијата на предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон гр, Општина Желино.

- Површината на планскиот опфат изнесува 0,9 ha.
- Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Желино, Општина Желино со тех.бр Y14716.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Планскиот опфат навлегува во II заштитна зона на изворот Рашче.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче.

При изработка на документацијата треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- Реализацијата на документацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон град, Општина Желино, ќе биде во функција на развој на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.
- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Република Македонија е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54

микрореони. Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Согласно утврдениот втор степен на заштита во рамки на втората заштитна зона на изворот Рашче во доменот на полјоделството и сточарството потребно е да се имплементираат специфичните мерки дефинирани со 'Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче'.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Локацијата на складиштата се наоѓа во втората заштитна зона (зона на на санитарно ограничување) на изворот Рашче од каде се водоснабдуваат градот Скопје и околните населени места. За заштита на квалитетот на подземните и површинските води при изработката на планската документација и нејзината реализација да се почитуваат мерките пропишани во „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (сл.весник на РСМ бр. 3/21);
- При обезбедувањето на потребните количини на вода за складиштата, потребно е оформување на заштитни зони околу изворникот за водоснабдување, синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и планско и рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За новопредвидените градби потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Локацијата наменета за изградба на специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, се наоѓа во II (втора) заштитна зона на изворот и би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот,

зголемено ниво на функционална и комунална опременост, сето тоа базирано врз принципите на одржив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Домување

- Планскиот опфат со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

- Планскиот опфат со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.
- Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на Република Македонија е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:

- Р2242 - (Желино-врска со А2-Јегуновце-врска со Р2234);
- При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на просторот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природното наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- **Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.**

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Желино има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети .
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за којашто се наменети Условите за планирање, припаѓа на Шарско - Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор којшто има регионално туристичко значење.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за условите за планирање на просторот со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино се наоѓа во потенцијална зона на ликвифација. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на ликвифација, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор, КО Желино вон гр, Општина Желино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југна

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат


Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



E:\logo.jpg

ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје
Деловоден број: 343/3-2024
Датум: 25.12.2024 година

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
Приближен размер 1:1000

Легенда:

- извор
- граница на катастарска парцела
- асфалтен пат
- тротоар
- земјен пат
- бехатон
- бетонска патека
- мост
- ѕид
- ограда
- бетонски пропуст
- железничка пруга
- изохипси
- водни линии
- граница на катастарска општина
- шахти
- фонтина
- хидрант
- столб од телекомуникациска мрежа
- канделабра
- бетонски столб од електрична мрежа
- дрвен столб од електрична мрежа
- трафостаница
- сливник
- ормар
- чешма
- далековод
- објект во изградба
- постоечки стамбен објект
- постоечки помошен објект
- новоизграден стамбен објект
- новоизграден помошен објект
- урнат објект
- настрешница
- трафостаница
- 585.43 апсолутни надморски височини
- 2535/6 број на катастарска парцела
- геодетска точка

ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје ул. "Томе Арсовски" бр. 49/ лок. 19, 1000 Скопје тел. 02/ 614 2 909, 078/ 85 28 42 mail: geokaevski@t.mk	К.О. Желино-вонград Приближен Размер 1:1000 *Изработил:* *Ангелковска Бети дипл. грод. инж.*
Скопје, Декември 2024 година	

2201
389
564/2
566
564/1
565
571/4
567
568/1
569
570
910
940
909
939
943/1
943/2
944
947
908
911
912/1
2227/2
1

PRO-ENGINEERING
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ
Градско јадро на кат лок бр.20 Тетово
Trego I gjeburit ne kat lok nr.20 Tetov ë
Мила Мирѓа: 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1, , КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

ЛЕГЕНДА
Граница на плански опфат=4.89 ha

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи лиценца за проектирање бр.П3396А	лиценца за урбан.планирање бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Насуф Небиу	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Желино		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Ажурирана геодетска подлога со опфат	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
ПЛАНЕР: Дипл.инж.арх. Елена Арсов овластувања бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: Дипл.инж.арх. Елена Арсов овластувања бр. 0.0329 Дипл.инж.арх. Мирјеме Ферати	ИНФРАСТРУКТУРА: Д.и.г. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:1000 ДАТА Ноември, 2024 ТЕХНИЧКИ БР. 04-67/2024 ПРИЛОГ бр: 01

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Проектната програма заверена од барателот за одобрување на урбанистичкиот проект е составен дел на постапката водена во системот е-урбанизам.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1159/2
Дата/Data: 12-03-2026

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Желино се издаваат Услови за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино.

Површината на планскиот опфат изнесува 0.9 Ха.
Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село Желино, Општина Желиво со тех.бр. Y14716.
Планскиот опфат навлегува во II заштитна зона на изворот Рашче.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

AKTVENDIM
për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim komunës së Zhelinës, i lëshohen Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës.

Sipërfaqja e përfshirë në planifikim është 0.9 Ha.

Zona e planifikimit kufizohet me zonën e planifikimit për të cilën janë lëshuar Kushtet për planifikimin e hapësirës për hartimin e planit urbanistik për fshatin Zhelinë, Komuna e Zhelinës, me nr. teknik U14716.
Zona e planifikimit shtrihet brenda zonës së dytë mbrojtëse të burimit Rashçe.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin e hapësirës, vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, konform Planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 603
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y49824 се составен дел на Решението.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U49824 janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime, zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Планскиот опфат зафаќа земјиште 7-та бонитетна класа.

4. Një nga prioritetet kryesore të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jo-bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.
Sipërfaqja e planifikuar mbulon tokë bujqësore të klasës së bonitetit të 7-të.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град,

6. Gjatë marjes së vendimit për zbatimin ose vendimit për mos zbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për sipërfaqen në fjalë me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, është e detyrueshme të

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Желино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Желино, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 66584 од 25.11.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино.

Површината на планскиот опфат изнесува 0.9 Ха.

Согласно член 42, став (8) од истоименот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 1159/1 од 11.03.2025 година.

Условите за планирање на просторот со намена специјализиран складишта, дистрибутивни центри-магацински простор на дел од КП 571/1, КО Желино вон град, Општина Желино, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

merren parasysh udhëzimet për nevojën e hartimit të Raportit për Vlerësim Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzat të fushave përkatëse të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ARSYETIM

Komunës së Zhelinës, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me numër të procedurës UPP 66584 od 25.11.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e kushteve për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës

Sipërfaqja e përfshirë në planifikim është 0.9 Ha.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15 1159/1 nga 11.03.2025.

Kushtet për planifikim hapësinor me destinim magazina të specializuara, qendra shpërndarëse – hapësirë magazinimi në një pjesë të PK 571/1, KK Zhelinë jashtë qytetit, Komuna e Zhelinës, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.
Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

Vërejtjet përfundimtare, të përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përbëjnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Në bazë të asaj që u përmend më lartë, u vendos si në dispozitiv të këtij Aktvendimi.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 1 дена од приемот на решението.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Raif Sulejmani, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дејан Гаџовски, раководител на одделение / udhëheqës njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqës sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror

Согласен / Me pëlqim të:
Husamet Agushovski, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Nedim Rama, посебен советник на кабинет на министер / këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 408
www.moepp.gov.mk

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ

1.2. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ

Проектниот опфат на северната и североисточната страна граничи со КП 571/1,на југоисток со КП 943/1,на југ со КП 939 и КП 910 додека на запад со КП 571/4 . Површината на проектниот опфат изнесува 48927.33м2. Проектниот опфат е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец.

	X	Y
1	7506188.41	4649844.85
2	7506189.34	4649844.33
3	7506193.38	4649842.05
4	7506198.52	4649840.88
5	7506203.63	4649839.71
6	7506208.95	4649838.50
7	7506209.24	4649838.43
8	7506215.52	4649836.31
9	7506222.09	4649834.09
10	7506221.65	4649831.60
11	7506221.20	4649829.10
12	7506225.37	4649827.51
13	7506229.54	4649825.92
14	7506233.61	4649824.36
15	7506237.67	4649822.81
16	7506242.62	4649821.10
17	7506249.98	4649818.56
18	7506257.34	4649816.02
19	7506267.23	4649813.10
20	7506277.12	4649810.18
21	7506282.77	4649807.76
22	7506288.42	4649805.34
23	7506290.91	4649804.27
24	7506297.80	4649801.32
25	7506304.69	4649798.36
26	7506312.01	4649795.58
27	7506319.33	4649792.79
28	7506325.37	4649789.56
29	7506331.41	4649786.33
30	7506337.44	4649783.10
31	7506343.48	4649779.87
32	7506347.78	4649777.48
33	7506352.08	4649775.09
34	7506356.37	4649772.69
35	7506360.67	4649770.30
36	7506366.17	4649765.91
37	7506371.67	4649761.53
38	7506377.16	4649757.14
39	7506382.66	4649752.75
40	7506387.80	4649760.46
41	7506398.07	4649775.87
42	7506399.39	4649777.85
43	7506403.21	4649783.58
44	7506406.47	4649788.02
45	7506411.96	4649795.50
46	7506420.71	4649807.41
47	7506431.74	4649825.00
48	7506431.85	4649825.18
49	7506442.30	4649841.90
50	7506452.86	4649858.80
51	7506280.18	4649974.43
52	7506280.18	4649974.43
53	7506263.19	4649972.39
54	7506227.26	4649978.43
55	7506202.33	4649982.73
56	7506192.89	4649984.36
57	7506183.37	4649990.71
58	7506173.84	4649997.06
59	7506154.79	4650009.76
60	7506146.33	4650018.23
61	7506137.86	4650026.69
62	7506132.26	4650032.30
63	7506120.93	4650043.63
64	7506113.52	4650066.91
65	7506110.83	4650075.35
66	7506106.11	4650090.19
67	7506100.82	4650109.24
68	7506098.11	4650119.00
69	7506097.06	4650119.16
70	7506097.64	4650113.97
71	7506098.13	4650109.66

72	7506099.19	4650100.16
73	7506097.45	4650081.47
74	7506095.71	4650062.78
75	7506091.36	4650041.64
76	7506087.00	4650020.49
77	7506087.22	4650011.28
78	7506087.44	4650002.07
79	7506088.00	4649995.80
80	7506088.56	4649989.52
81	7506091.08	4649974.58
82	7506093.59	4649959.64
83	7506094.18	4649955.83
84	7506095.44	4649947.81
85	7506097.28	4649935.98
86	7506097.58	4649933.67
87	7506098.84	4649924.12
88	7506099.07	4649922.39
89	7506099.84	4649916.46
90	7506100.85	4649908.80
91	7506103.39	4649906.68
92	7506110.82	4649899.79
93	7506115.25	4649895.68
94	7506119.04	4649892.07
95	7506122.82	4649888.46
96	7506125.54	4649885.87
97	7506128.26	4649883.28
98	7506133.54	4649881.41
99	7506137.70	4649879.94
100	7506143.38	4649875.82
101	7506149.07	4649871.70
102	7506160.43	4649863.46
103	7506166.19	4649859.55
104	7506172.76	4649855.09
105	7506185.08	4649846.72
106	7506185.42	4649846.53

Проектниот концепт е поставен врз основа анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој и Проектната програма. Проектниот концепт е во директна зависност од големината на проектниот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Проектниот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.
Просторот нема посебни пејсажни вредности и претставува брдовит терен. Целта е да се создадат услови за изградба пецијализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор,

2.1. Опис на основната класа на намена на градбата во градежната парцела

Во рамките на проектен опфат се оформува една градежна парцела и тоа:

Градежна парцела 1 со основна класа на намена
Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор

Компатабилни класи на намена на основната класа на намена ќе биде одредена согласно член 81,член 82 и член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21,104/22 , 99/23 и 07/25“) со најмногу 40 % од основната класа на намена.

2.2. Нумерички показатели за градбите во градежната парцела и градбите во проектниот опфат

Нумерација на ГП	Намена на градбите	Површина на Г.П. (м2)	Нумерација на објект	Дејност на објект	Површина за градење (м2)	Вкупна етажна површина за градење (м2)	Мах.висина на градбите	Мах. број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искорис-теност	Површина на зеленило(%)
1	Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	47819.80	објект 1	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	14000.00	28000.00	16.5м	П+1	36.01	0.72	20%
			објект 2	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	3196.78	6393.56	16.5м	П+1			
			објект 3	трафостаница (комплементарна намена)	25.00	25.00	4.0м	П			
			објект 4	пречистителна станица (комплементарна намена)	100.00	100.00	/	подземна градба			

2.3. Сообраќај

Сообраќајниот концепт е превземен од постојната состојба односно постојниот пристапен пат кој се приклучува кон државните патишта и тоа на регионалниот пат Р2242 Желино (врска со А2) – Јегуновце (врска со Р2234).Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела согласно член 134,став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр. 225/20,219/21,104/22 , 99/23 и 07/25),согласно кој за градбите со класа на намена Г-производство,рударство,енергетика и индустрија,потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесување или спроведување на урбанистички план,во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производсто,бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизација на производниот процес,оддалеченост на живеењето на вработените,постоење на јавен превоз на вработените,водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај-службен,индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната класа на намена на градбата-да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

2.4. Озеленување

Во графичкиот дел од УП е прикажана површината за градење ограничена со градежни линии во која може да се гради градбата, а останатиот дел од градежната парцела да се уреди хортикултурно со зелени површини (тревнати површини со ниско и високо зеленило). Процентот на озеленетост изнесува 20% од градежната парцела согласно Законот за урбано зеленило(“Сл.Весник на РМ бр11/18 и 42/20),член 20 и Правилникот за за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр225/20, 219/21,104/22 , 99/23 и 07/25) член 171.

2.5. Основни водови на инфраструктурата

Трасите и профилите на основните водови на инфраструктурата се превземени од добиените податоци од институции, објектите и водовите на внатрешниот развод на сите комунални инфраструктури.

2.5.1. Водоснабдување

За просторот кој е предмет на овој УП, Јавното претпријатие нема доставено податоци, информации и мислења, но од увидот на лице место констатирано е дека во непосредна близина има постојна селска водоводна мрежа и се планира приклучок кон истата.

2.5.2. Фекална канализациона мрежа

Изградена фекална канализациона мрежа нема и се планира изградба на пречистителна станица.Отткако отпадните води ќе бидат прифатени и прочистени во согласност со Уредбата за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 146/15),истите ќе бидат одведени реципиент-Вардар.

2.5.3. Атмосферска канализациона мрежа

Атмосферските води ќе бидат прифатени и одведени во попивателен бунар.

2.5.4. Електроенергетска инфраструктура

Од добиените податоци,низ предметниот опфат не поминува електроенергетска инфраструктура и за таа цел испланирана трафостаница.

2.5.5. Телекомуникациска инфраструктура

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот куќа - телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.
Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД-Скопје, работна единица – Тетово.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1. Градежна парцела

Во рамките на проектниот опфат се планира една градежна парцела и тоа:

-Градежна парцела 1 со поединечна класа на намена на градбата Г4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор ,
Во оваа градежна парцела со површина од 47819.80 м2 планирани се **4(четири) објекти** дефинирани со градежни линии и тоа:
Објект 1 со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор,со површина за градење од 140000.00 м2, вкупна етажна поврзина за градење со површина од 28000.00 м2, максимална височина од 15.0м, максимален број на спратови од П+1.
Објект 2 со намена специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор,со површина за градење од 3196.78 м2, вкупна етажна поврзина за градење со површина од 6393.56 м2, максимална височина од 15.0м, максимален број на спратови од П+1.
Објект 3 со намена трафостаница(комплементарна намена),со површина за градење од 25.00 м2, вкупна етажна поврзина за градење со површина од 25.000 м2, максимална височина од 4.0м, максимален број на спратови од П.
Објект 4 со намена пречистителна станица(комплементарна намена),со површина за градење од 100.00 м2, вкупна етажна поврзина за градење со површина од 100.000 м2, подземна градба.
Вкупниот процент на изграденост на градежната парцела изнесува 36.10 а коефицинетото на искористеност 0.72.
Пристапот во градежната парцела 1 е од југоисточната страна преку постојниот пристапен пат кој понатаму се приклучува кон државните патишта и тоа на регионалниот пат Р2242 Желино (врска со А2) – Јегуновце (врска со Р2234).
Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела согласно член 134,став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр. 225/20,219/21,104/22 , 99/23 и 07/25),согласно кој за градбите со класа на намена Г-производство,рударство,енергетика и индустрија,потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесување или спроведување на урбанистички план,во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производсто,бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизација на производниот процес,оддалеченост на живеењето на вработените,постоење на јавен превоз на вработените,водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај-службен,индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната класа на намена на градбата-да се обезбедат во рамки на градежната парцелаКомпатабилни класи на намена на основната класа на намена ќе биде одредена согласно член 81,член 82 и член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21,104/22, 99/23 и 07/25“) со најмногу 40 % од основната класа на намена.

3.2. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат

Во овој УП е планирана следната наменска употреба на земјиштето:

Основна класа на намена
Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор

3.3. Други детални услови

При изработка на проектна документација за секоја градба да се почитуваат следните услови:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбата.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Мерки за заштита на културното наследство, конзерваторски основи

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистичкот проект се врши според заштитно-конзерваторски основи согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).
Согласно Условите за планирање на катасатарската парцела која е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата(експертен елаборат).
Но доколку при реализација на овој УП се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на

културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

4.2 Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.
Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животната средина(„Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16, 99/18 и 89/22) . Проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на градбите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина.
Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.
На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина (воздух, вода, почва), на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.
Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за животната средина и посебните закони, од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка,

спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).
Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.
За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во регионалната санитарна депонија.
- озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

При преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука.
Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

4.2.1 Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи. Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат ќе се превземат сите заштитни мерки за не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Селото Желино е во чии катастарски граници се предвидува изградбата на објект со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, се наоѓа во **втора заштитна зона на изворот Рашче**. Предметната локација се наоѓа во II заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлука за заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор ,,Рашче,, мерки за заштита, услови, на чин на воспоставување на заштитните зони " ("Службен весник на СРМ" бр. 03/2022) кои се однесуваат на оваа зона.

Во втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување) не треба да се вршат поголем број на дејности, изградба на објекти и вршење на активности со кои може да дојде до загадување на подземната вода, а особено:

- испуштање на непрочистени комунални, индустриски и атмосферски отпадни води;
- експлоатацијата (вадење) на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности со кои се продлабочува или се оштетува речното корито и бреговите на површинските водотеци, освен во функција на подобрување на режимот на водите и заштита од штетно дејство на водите, со обезбедување на дозвола/ водостопанска согласност од надлежен орган;
- неконтролиран транспорт, неконтролирано складирање и испуштање на: нафта, нафтени деривати, масти и масла;
- неконтролиран транспорт на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- складирање на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- депонирање, складирање и расфрлање на цврст, градежен, комунален и друг вид на отпад и смет, надвор од организирани и уредени депонии;
- депонирање на индустриски рударски и металуршки отпад;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата, освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвидена забрана во овие мерки;
- изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- изведба на бунари за експлоатација на подземна вода освен: бунари за јавно водоснабдување и бунари за климатизација на објекти со целосно враќање на водата. За изведба на сите горенаведени бунари потребно е да се обезбеди дозвола од надлежно министерство;
- изградба на нови индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, а постоечките да ги почитуваат мерките на заштита предвидени со добиените А или Б интегрирани еколошки дозволи;
- испуштање на непрочистени отпадни води во површински водотеци и наводнување на обработливо земјоделско земјиште со истите; Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други план- ски акти;
- користење на минерални ѓубрива, пестициди, хербициди, фунгициди и сл.;
- други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;

Во втората заштитна зона понорите кои се јавуваат линиски по ободот на Жеден планина на потегот од се- лата Раотинце до Јегуновце потребно е да бидат заградени со жичана ограда и означени, и не треба да има нивно заполнување, со секаков вид на отпад од страна на локалното население. За истите се грижи ЈП „Водовод и канализација" – Скопје.

Во втората заштитна зона постоечките пропусни септички јами да се заменат со непропусни и редовно да се одржуваат;

За населените места кои влегуваат во втората заштитна зона да се предвиди и изгради колекторски систем; како и да се уреди собирањето и одлагањето на сите видови на отпад.

Во функција на заштита на подземните води во втората заштитна зона поради елиминирање на негативното реално можно влијание на квалитетот

на водите од изворот Рашче, потребно е да се превземат мерки и активности со депонијата Југохром и комбинатот Југохром согласно прописите од животна средина.

Во втората заштитна зона за набљудување се воспоставува мониторинг мрежа на квалитетот и квантитетот на подземните води во заштитните зони.

Општините кои влегуваат во границите на втората заштитна зона да изготват План за постапување при хаварии во согласно прписите од животна средина.

4.2.2 Мерки за заштита на почвата

Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат да се превземат сите заштитни мерки за не дојде до загадување на почвата од отпадни води, пестициди, тешки метали и сл. во текот на градбата.

4.2.3 Управување со отпад

Со овој УП се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија.

Согласно член 7 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21) , создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Доколку општината отпочне со управување со отпадот ќе се примени претходна селекција за понатаму отпадот да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

4.2.4 Мерки за заштита од бучава

Со оглед на планираните намени во рамките на проектниот опфат на УП от не се потребни дополнителни мерки за заштита од бучава.

4.3 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 185/11 - пречистен текст) и 215/15, Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) , Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и 215/21), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за

заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 , 83/18 и 215/21), Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
3) изградба нан снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4) Обезбедување на противпожарни пречки
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на проектните решенија на УП за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандарди и нормативи утврдени со Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на РМ бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето

(Сл.весник на РМ бр.76/06) и Уредбите за споведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на РМ бр.98/05).

4.3.1 Засолнување

Согласно критериумите од член 62 од Законот за заштита и спасување засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.

Бидејќи станува збор за УП вон опфат, засолништата да се испланиранаат во подрумските простории во некоја од градбите или во некое од предвидените засолништа согласно Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Тетово за 2023 година.

4.3.2 Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

При изработка на проектната документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди, согласно Законот за заштита и спасување(Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Истотака за можните поплави околу објектот и во објектот се предвидуваат и дополнителни инсталации во подрумските простории како и во инфраструктурата за одводнување на атмосферксата вода.Истите детални информации и податоци ќе се предвидат со Основниот проект.

4.3.3 Мерки за заштита од пожар

При изработката на овој УП се предвидени пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16,106/16 и 83/18) и Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбата
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,

- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу објектите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбата овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајницата е со доволна ширина, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- во градот Тетово се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

На површината на предметниот урбанистички проект, предвидена е 1 градежна парцела со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот на ПП возило до објектот да биде не помала од 3,5m на две страни од објектот,со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Растојанијата кои се помали од 3,5m ,при изработка на Основниот проект да се решат со планирање на хидранти и ПП ѕидови или панели отпорни на пожар .
Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.
Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Тетово, би изнесувал од 13 до 15 мин.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозиии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарниапарати, според пропишани срандарди. Уредите, инсталацииите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредеди места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележени и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.
Согласно член 70 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти е должен да изготви посебен елаборат за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони

единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.
За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.
Исто така потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти на растојание од 80 метри што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места да бидат максимално оддалечени Л=80 метри.

4.3.4 Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно член 80 Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.
Стандардните оперативни процедури за заштита и спасување од не експлодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

4.3.5 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во овој УП е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.
За трусноста на подрачјето се донесени заклучоци врз основа на анализи и статистики на земјотресите што се случиле во претходниот период. Во поширокиот круг на Полог земјотресите биле со јачина од 7 – 9 степени МКС. Површински целата територија на општината е потенцијално активна до 8 степени по МКС.
Се предвидува асеизмичка градба.
Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбата, како составен дел на Основниот проект.

4.3.6 Мерки за сообраќајни несреќи

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот. Временскиот рок за дејствување на возилата за прва помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.
Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста најблиската противпожарна станица.

4.3.7 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

4.3.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

4.3.9 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени

служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

4.3.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат зависи од оддалеченоста на најблискиот медицински центар и болница.

4.3.11 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

4.3.12 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминациај и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.3.13 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.
За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

4.3.14 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.


4.4 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33% или во однос (1:12), согласно член 192 став 1 од Правилникот за за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23 и 07/25“).
При изработка на проекти за уличната мрежа на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Поставување на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај а особено на лица со инвалидност со колички.

за работниот тим:

Елена Арсов, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0362

раководител на Урбанистичкиот проект



PRO-ENGINEERING
друштво за проектирање
Градски ѕидови на кат.сол бр.20 Тетово
Тетово
Тел.факс: 044/ 385 207
Мобилен: 070/ 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BULDING, TRADE AND SERVICE

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1, КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

ЛЕГЕНДА

- Граница на плански опфат=4.89 ha
- Граница на наменска зона

- Г 4,1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор
- Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури-општински патишта

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи	лиценца за проектирање бр.ПЗ39ИА / лиценца за урбан.планирање бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Насуф Небиу	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Желино		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Наменски план	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЈА	
ПЛАНЕР:	дипл.инж.арх. Елена Арсов ежлетуварна бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: дипл.инж.арх. Елена Арсовска ежлетуварна бр. 0.0329; дипл.инж.арх. Мирјана Ферати	ИНФРАСТРУКТУРА: д.и.с. Муса Мусливја	РАЗМЕР М = 1:1000; ТЕХНИЧКИ БР. 04-67/2024; ДАТУМ Април, 2025; ПРОЕКТ бр. 02



Нумерација на ГП	Намена на градбите	Површина на Г.П. (м2)	Нумерација на објект	Дејност на објект	Површина за градење (м2)	Вкупна етажна површина за градење (м2)	Мах.висина на градбите	Мах. број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Површина на зеленило(%)
1	Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	47819.80	објект 1	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	14000.00	28000.00	16.5м	П+1	36.01	0.72	20%
			објект 2	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор	3196.78	6393.56	16.5м	П+1			
			објект 3	трафостаница (комплементарна намена)	25.00	25.00	4.0м	П			
			објект 4	пречистителна станица (комплементарна намена)	100.00	100.00	/	подземна градба			

PRO-ENGINEERING
Проектирање
Градско јадро на кат.пов бр.20 Тетово
Тегш ЈДвјоп пе кат.ВЫ пс.20 Теточ ё
Мила Мустафа 070.240.207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор, на дел од КП 571/1,КП 940, КО Желино вон-град, општина Желино

ЛЕГЕНДА

- Граница на планскиот опфат=4.89 ha
- Граница на наменска зона
- РЛ - Регулациона линија
- ГГП - Граница на градежна парцела
- Градежна линија
- Подземна градежна линија
- Елементи на сообраќајница
- П+1 Катност
- 1 Нумерација на градежна парцела
- Заштитен појас на регионален пат
- Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ
- Коловоз
- Влез-излез во парцела
- Правец на движење
- 420.60 Проектирана нивелациска кота

ПЛАНИРАНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- Планирана електрична мрежа
- Планирана водоводна мрежа
- Планирана фекална канализација
- Планирана атмосферска канализација

ПЛАНИРАНА СУПРАСТРУКТУРА
- Трафостаница
- Попивателен бунар

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ
- Ниско зеленило
- Високо зеленило

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи	лиценца за проектирање бр.ПЗ39А; лиценца за урбан.планирање бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Насуф Небиу	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Желино		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Урбанистичко решение	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЈА	
ПЛАНЕР:	Дипл.инж.арх. Елена Арсов овластувања бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: Дипл.инж.арх. Елена Арсов овластувања бр. 0.0329; Дипл.инж.арх. Мирјеме Ферати	ИНФРАСТРУКТУРА: Д.и.з. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:1000; ДАТА Мај, 2025; ТЕХНИЧКИ БР. 04-67/2024; ГРАФИЧКИ БР. бр: 03

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

А.АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ :
PROJEKTI ARKITEKTURAL :

ИДЕЕН ПРОЕКТ - А. Архитектонски проект.
PROJEKT IDEOR - A. Projekti arkitektural .

за објекти со намена Г4.1-Магацински простор во КП 571/1 и КП 940 КО Желино вон град,општина Желино

për objektet me destinim G4.1 Hapsirë depoje në PK 571/1 dhe PK 940 ,KO Galatë,komuna e Zhelinës

ИЗРАБОТУВАЧ: ''ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ'' – ТЕТОВО
PËRPUNUES : "PRO-INZHENERING" - TETOVË

фаза / faza :
Архитектонски проект
Projekti arkitektural

проектанти / projektues

Мирема Ферати, дипл.инж.арх.
Mireme Ferati, inxh.dipl.ark.

Елена Арсов, дипл.инж.арх.
Elena Arsov, inxh.dipl.ark.

С О Д Р Ж И Н А :
PËRMBAJT JA :

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ / PJESA TEKSTUALE

1.4. Технички опис / Përshkrimi teknik
1.5. Преглед на нето корисни површини/Pasqyra e siperfaqeve shfrytezuese

ГРАФИЧКИ ДЕЛ / PJESA GRAFIKE

ТИП А

A.01 Основа на темели ....M=1:100.
A.02 Основа на Приземје .....M=1:100.
A.03 Пета фасада..... ..M=1:100
A.04 Пресеци ....M=1:100.
A.05 Фасади .....M=1:100.

I-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ :
PJESA TEKSTUALE :

1.1. Технички опис / Përshkrimi teknik
1.2. Преглед на нето корисни површини/Pasqyra e siperfaqeve shfrytezuese

1.1. ТЕХНИЧКИ ОПИС :
PËRSHKRIMI TEKNIK :

За

Идеен проект:

за објекти со намена Г4.1-Магацински простор во КП 571/1 и КП 940 КО Желино вон град,општина Желино

Фаза: А.Архитектонски проект

I.ОПШТИ ПОДАТОЦИ:

По барање на инвеститорот, а во согласност со позитивната законска регулатива се изработува **Идеен проект за објекти со намена Г4.1-** Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- **Магацински простор во КП 571/1 и КП 940 КО Желино вон град,општина Желино,**според условите за градба од дефинирани во графичкиот прилог урбанистичко решение кој е составен дел на ова урбанистичко проектна документација. Идејниот проект е изработен во согласност со ***Законот за градење*** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 277/22), ***Законот за урбанистичко планирање*** („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), ***Правилникот за урбанистичко планирање*** (“Сл.Весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23), ***Правилникот за проектирање на објекти*** *(Службен весник на РМ бр.60/12),* ***Правилникот за содржината и означување на проектите, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица*** *(Сл. Весник на РМ бр. 24/11, 68/13 и 81/13)* и други технички прописи од областа на градежништвото и се запазени во целост наведените урбанистички параметри.

Урбанистичките параметри според Урбанистичкиот проект (Табела 1) се:

Нумерација на ГП	Намена на градбите	Површина на Г.П. (м2)	Нумерација на објект	Дејност на објект	Површина за градење (м2)	Вкупна етажна површина за градење (м2)	Мах.висина на градбите	Мах. број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Површина на зеленило(%)
1	Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	47819 ,80	објект 1	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	14000.00	28000.00	16.5м	П+1	36.10	0.72	20%
			објект 2	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	3196.78	6393.56	16.5м	П+1			
			објект 3	трафостаница (комплементарна намена)	25.00	25.00	4.0м	П			
			објект 4	пречистителна станица (комплементарна намена)	100.00	100.00	/	подземна градба			

Урбанистичките параметри според Идејниот проект (Табела 2) се:

Нумерација на ГП	Намена на градбите	Површина на Г.П. (м2)	Нумерација на објект	Дејност на објект	Површина за градење (м2)	Вкупна етажна површина за градење (м2)	Мах.висина на градбите	Мах. број на спратови	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Површина на зеленило(%)
1	Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	47818.80	објект 1	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	14000.00	28000.00	16.5м	П+1	36.10	0.72	20%
			објект 2	Специјализирани складишта, дистрибутивни центри-магацински простор	3196.78	6393.56	16.5м	П+1			
			објект 3	трафостаница (комплементарна намена)	25.00	25.00	4.0м	П			
			објект 4	пречистителна станица (комплементарна намена)	100.00	100.00	/	подземна градба			

Со изработката на идејниот проект не се надминати параметрите дефинирани во Урбанистичко проектната документација односно и во табеларниот преглед во табела бр.1.

II. ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА:

Предметната локација се наоѓа на КП 571/1 и КП 940, КО Желино вон град, општина Желино.Обликот на градежната парцела е четириаголен со површина од **47819.80м²**.Парцелата од јужна страна се граничи со пристапнен пат од другите страни се ограничува со соседни парцели .

III. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЛИКУВАЊЕ:

Предметната локација е организирана како комплекс од објекти со намена **Г4.1** Специјализирани складишта, дистрибутивни центри- магацински простор во КП 571/1 и КП 940 КО Желино вон град,општина Желино , чии градежни линии се дефинирани со АУП за изградба магацински простор.

Објектот е со катност **П+1**, со димензии во основа **100.00 x 140м** и висина од нивото на тротоар од **16.5м**. Издигнат е од тротоарот за **1.10м**.

IV.СИТУАЦИЈА И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ:

Главниот влез за пешаци и возила во парцелата е предвиден преку пристапната улица од јужната страна.

Со урбанистичкиот проект е решен внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај, согласно стандардите за непречено и нормално одвивање на сообраќајот во комплексот. Паркирањето за автомобили и товарни возила е предвидено во рамките на парцелата.Приод на противпожарно возило, како и на друг вид интервентни возила е предвидено преку пристапната улица.

Пешачката патека околу објектот и патеката за влез во објектот, како и површината наменета за паркирање се предвидени од бекатон плочки со д=8см. Сообраќајниците и површините наменети за паркирање на товарни возила се предвидени од асфалт. Останатиот дел од парцелата е уреден хортикултурно со високо и ниско зеленило. Целата локација е обиколена со ограда.

V.ФУНКЦИЈА:

Објектот претставува функционален простор со површина од 14.000 м², погоден за користење како индустриско складиште, магацин или дистрибутивен центар. Просторот нуди соодветни услови за прием, чување и дистрибуција на стоки, со можност за флексибилна организација во различни функционални зони, вклучително и пристап за транспортни возила, зони за товарање/истоварање, како и помошни простории за административен персонал.

Во функционален смисол објектот ги задоволува современите барања за еден објект-магацин. Објектот е природно вентилиран и осветлен преку прозори на едната подолжна страна.

VI.КОНСТРУКЦИЈА:

Во конструктивен смисол објектот е решен како скелетен систем од армирано - бетонски столбови и греди кои формираат армирано - бетонски рамки во двата правци**.**

Димензиите на столбовите се 40/65см, а димензиите на гредите се 45/40см. Гредите се предвидуваат по обемот на објектот, во два реда и една подолжна греда над средишниот ред столбови.

Во конструктивен смисол објектот е решен како скелетен систем од армирано - бетонски столбови и греди кои формираат армирано-бетонски рамки во двата правци**,** со армирано-бетонска меѓукатна конструкција со д=20см Димензиите на столбовите се 45/60см. Објектот се фундира со темели ленти со димензии **Т1**-200/150см.,исто така се предвидени и темелени греди кои истовреме ја играат улогата какао темели летни за ѕидот : со димензи ТG1-25/120.

Под темелните се поставува слој од мршав бетон од 8см. термоизолационен панел д=8см,со лим во сива боја.Детален опис на конструкцијата ќе биде предмет на техничкиот опис за статичка пресметка. Кровната конструкција на објектот е предвидена да биде челична поставени над АБ плоча.

Кровната конструкција на објектот е предвидена да биде челична кои ќе се постават врз АБ столбовите.

Кровниот покривач ќе биде од лимени панели со изолациска исполна поставени врз подконструкција од квадратни челични профили НОР 100/50/3mm.

VII.МАТЕРИЈАЛИЗАЦИЈА И ОБРАБОТКА:

1.ЅИДОВИ:

А/Надворешни ѕидови

-Надворешните ѕидови на објектот се од монтажни префабрикувани сендвич панели од челичен лим со исполна од полиуретан тип Б1 со еколошки својства, т.е. не смее да има токсични испарувања како би се заштитила околината и здравјето на луѓето. Панелите се вертикално поставени, поврзани меѓу себе со жлебови и заштрафени на подконструкција која е од квадртани челични профили НОР 80/50/4mm.

2.ВНАТРЕШНА ОБРАБОТКА

А/Sидови

-АБ столбовите ќе се малтерисуваат со продолжен малтер (1:3:9). Пред малтерисувањето бетонските површини да се поминат со средство за обезмастување. Споевите на различни материјали се рабицираат со рабиц мрежа, а аглите се облагаат со поцинковани аголни лајсни. Малтерисувањето ќе биде во два слоја – грубо и фино малтерисување. Финото малтерисување е завршно глетувано. Завршната обработка ќе биде со внатрешна перива мрсна боја.

Б/Подови

-Во објектот предвидено е да се постави индустриски под врз подлога од ЕСТРИХ со д=6см.

-На платформата подот ќе биде од керамички плочки врз подлога од естрих.

3.ФАСАДНА ОБРАБОТКА

-Во објектот фасадата е одредена од обработката на самите монтажни префабрикувани сендвич панели.

4.ПОКРИВАЊЕ

-Кровниот покривач ќе биде од лимени панели со изолациска исполна, поставени врз подконструкција од квадратни челични профили НОР 120/80/5mm.

5.ИЗОЛАТЕРСКИ РАБОТИ

А/Топлотна и звучна изолација

-Кај кровната покривка на објектот со употреба на лимени панели со изолациска исполна.

-Со поставување на фасада од лимени панели со изолациска исполна.

6.СТОЛАРИЈА:

-Влезната врата во објектот ќе биде гаражна роло-врата со димензии 300/300см.

-Прозорците ќе бидат од ПВЦ профили, кои треба да ги исполнуваат минимум условите: длабочина на вградување 85мм, 6 комори, три дихтунзи, застаклени со Термопан пакет стакло 6+20+6мм **(Надворешно стакло Stopsol Supersilver Grey калено-6мм + 90% Argon-20mm + Low-E-6mm, со соларен фактор (S.F.)26 и коефициент на топлопроводливост (U) кој изнесува U=1.1W/m2*k).**

7.ЛИМАРСКИ РАБОТИ:

Вертикалните и хоризонталните олуци, опшивањето на слемето, како и опшивањето на аголните врски на панелите и опшивањето на ивиците на прозорците и влезнате врата и останатите лимарски работи ќе бидат со поцинкуван лим со д=0,55mm

VIII.ИНСТАЛАЦИИ ВО ОБЈЕКТ:


Во објектот ќе се изведат сите стандардни инсталации под кои за овој објект спаѓаат: електрични инсталаци, инсталации на водовод и канализација и истите се предмет на посебни проекти.

-Снабдување со вода ќе се врши од локалната водоводна мрежа, додека отпадните води ќе се приклучуваат во канализационата мрежа. Изведбата на овие инсталации вклучува: внатрешен водовод, приклучување на постојната мрежа и на надворешен водовод, внатрешна канализација, надворешна канализација и приклучок на постојна канализациона мрежа, противпожарна инсталација, санитарии и атмосферска канализација.

-Снабдување на објектот со електрична енергија ќе се врши преку постојната електрична мрежа во договор со ЕВН-Македонија. Изведбата на овие инсталации вклучува: разводни табли, осветлување, прекинувачи, приклучоци, противпожарна инсталација, телефонски инсталации, громобрански инсталации, дворско осветлување и др.

Составил:

Дипл.инж. арх Мирема Ферати




PRO-ENGINEERING
Tel:044-333-383 | Mob: 070-321-072 ; 070-240-207
Ibrahim Rugova 10000 Prishtinë
pro_engineering2005@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Р.бр	Опис на просторија Приземје	Подови	
		Површина м²	Обработка
1	Магацински простории	13.743,00	Индустриски под
	Вкупно површини =	**13743,00**	

Инвеститор: Investitor:	**Насуф Небиу**
Објект: Objekti:	**Г4.1 - Магацински простор** **Q2.2 - Hapësirë depoje**
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura

Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Графика: Цртеж:	**А.Основа на приземје** **A.Baza e përdhesës**
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.инж.арх. Муса Мусиќа Дипл.инж.арх. Елена Арсов	Дата: Размер:	Мај 2025 год. М=1200
Статика: Statika:	Дипл.инж.арх. Ибрами Ферати	Цртеж бр: Teh.broj:	**А.01** **04-07/2024**




PRO-ENGINEERING
Tel:044-333-353 | Mob: 070-321-072 ; 070-240-207
Rr.Ukshin Hoti, Prishtinë, Kosovë
pro_engineering2006@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Р.бр	Опис на просторија КАТ 1	Подови	
		Површина м²	Обработка
1	Магацински простории	13.743,00	Индустриски под
	Вкупно површини =	**13743,00**	

Инвеститор: Investitor:	**Насуф Небиу**
Објект: Objekti:	**Г4.1 - Магацински простор** **О2.2 - Нарвишѓ дерује**
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura

Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Графика: Цртеж:	**А.Основа на Кат 1** **А.Baza e Katit 1**
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.инж.арх. Муса Мусиќа Дипл.инж.арх. Елена Аросе	Дата: Размер:	Мај 2020 год. М=1200
Статика: Statika:	Дипл.инж.арх. Ибрами Ферати	Цртеж бр: Тех.број:	**А.02** **04-07/2024**




PRO-ENGINEERING
Tel:044-333-353 | Mob: 070-321-072 ; 070-240-207
Žiro-račun: 125666-21-14/90
pro_engineering2006@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Инвеститор: Investitor:	**Насуф Небиу**
Објект: Objekt:	**Г4.1 - Магацински простор** **Г2.2 - Нарквиќ дерџе**
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura

Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Grafika: Цртеж:	**А.Основа на кров** **A.Baza e kulmit**
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.инж.арх. Муса Мусиќа Дипл.инж.арх. Елена Аросе	Дата:	Мај 2025 год.
		Размер:	M=1/200
Статика: Statika:	Дипл.инж.арх. Ибрами Ферати	Цртеж бр:	**А.03**
		Тех.број :	**04-07/2024**



PRO-ENGINEERING
Tel:044-333-353 | Mob: 070-321-072 ; 078-240-207
Ilir Ajdinaj - Ing. Arkitektonik
pro_engineering2006@yahoo.com


SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Инвеститор: Investitor:	**Насуф Небиу**
Објект: Objekt:	**Г4.1 - Магацински простор** **Г2.2 - Нарѐшѐ деруе**
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura


Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Grafika:	**А.Летта фасада**
		Цртеж :	**A.Fasada e pestë**
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.инж.арх. Муса Мусиќа Дипл.инж.арх. Елена Аросе	Дата:	Maj, 2025 год.
		Размер:	M=1200
Статика: Statika:	Дипл.инж.арх. Ибрами Ферати	Цртеж бр:	**A.04**
		Тех.број :	**04-07/2024**

PRO-ENGINEERING
Tel.044-333-353 ; Mob: 075-321-072 , 070-240-207
Dip.grad.ing. I.Fanaj & M.Muslija
pro_engineering2008@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАЂЕВИНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE



Пресек 1-1 / Prerja 1-1 P = 1:200



Пресек 2-2 / Prerja 2-2 P = 1:200

	МАТЕРИЈАЛИЗАЦИЈА		МАТЕРИЈАЛИЗАЦИЈА
S1	ФАСАДЕН ЗИД	П1	ПОД
	Виден фасаден панел, d=10cm Челична подконструкција - HOP □00/100/5 Челични столбови IPBl- 300		Индустриски под d=2cm Цементна кошулка (со мрежа), d=6cm АБ плоча, d=20cm Макер бетон, d=7cm Хидроизолација - тефлон, d=0.5cm Тампон, d=90cm

Инвеститор: Investitor:	Насуф Небиу
Објект: Objekt:	Г4.1 - Магацински простор G2.2 - Hapësirë depoje
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura

Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Графика: Цртеж:	А.Пресеците A.Prerjet
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.град.инж. Муса Муслија Дипл.инж.арх. Елена Арсов	Дата:	Мај, 2025 год.
		Размер:	M=1:200
		Цртеж бр:	A.01
Статика: Statika:	Дипл.град.инж. Ибрани Ферати	Тех.број :	04-67/2024

PRO-ENGINEERING
Tel:044-333-353 ; Mob: 075-321-072 , 070-240-207
Dip.grad.ing. I.Ferati & M.Muslija
pro_engineering2005@yahoo.com

SHOQATA PËR PROJEKTIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Инвеститор: Investitor:	**Насуф Небиу**
Објект: Objekt:	**Г4.1 - Магацински простор** **G2.2 - Hapësirë depoje**
Фаза: Faza:	Идеен Проект - Архитектура Projekti Ideor - Arkitektura

Одговорен Проектант: Projektuesi përgjegjës	Дипл.инж.арх. Мирјем Ферати	Графика: Цртеж:	**А.Фасадите** **A.Pamjet**
Соработници: Bashkëpunëtorë:	Дипл.грађ.инж. Муса Муслија Дипл.инж.арх. Елена Арсов	Дата:	Мај, 2025 год.
		Размер:	M=1:200
		Цртеж бр:	**А.01**
Статика: Statika:	Дипл.грађ.инж. Ибрами Ферати	Тех.број :	**04-67/2024**